**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА**

# СОЦИЈАЛНО ПРИФАЌАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗГРИЖЕНИ ВО СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО

-Магистерски труд-

Ментор: Кандидат:

Проф. д-р Ристо Петров Душанка Златанова

Скопје, 2014 година

*На син ми Коста*
*и сопругот Златко*
*за целосната поддршка.*

*Голема благодарност до менторот, проф.д-р Ристо Петров*
*за целосната поддршка и разбирање кое го имаше за мене.*
*Исто така голема благодарност на вработените*
*во процесот Самостојно живеење во општина Неготино*
*за издвоеното време и за споделувањето*
*на доверливите информации.*
*Голема благодарност заслужија и вработените*
*во јавните институции и бизнис секторот*
*во општина Неготино кои помогнаа*
*во изработката на мојот магистерски труд.*

**Содржина**

Резиме......6

Abstract......8

Вовед......10

I. Теоретски основи......12

1. Лица со пречки во развојот......12
   1.1. Класификација......12
   1.2. Лица со ментална ретардација......13
   1.3. Карактеристики на лицата со тешка и умерена интелектуална попреченост......16
   1.4. Лица со комбинирани пречки......19
   1.5. Мислењето и ставовите за лицата со интелектуална попреченост......19
   1.6. Квалитет на животот на лицата со инвалидност......20
2. Деинституционализација на лицата со умерена и комбинирана попреченост......21
   2.1. Згрижувачки семејства како алтернативна форма на вонинституционално живеење......25
   2.2. Живеење со поддршка во Р. Македонија......31
   2.3. Лична асистенција......35
3. Вработување на лицата со посебни потреби......36
   3.1. Вработување на лицата со посебни потреби во Република Македонија.37
   3.2. Вработување во заштитни друштва......38
   3.3. Вработување со поддршка......39
   3.4. Работно ангажирање на лицата со посебни потреби во процесот: „Живеење со поддршка” во општина Неготино......40
4. Социјализација и интеграција на лицата со пречки во развојот......43
5. Дневни центри за лицата со посебни потреби......45
6. Релевантни истражувања......50

II. Методологија на истражувањето......53

1. Предмет и цел на истражувањето......53

2. Задачи на истражувањето......54
3. Хипотези......55
4. Варијабли на истражувањето......56
5. Методи, техники и инструменти на истражувањето......57
6. Популација и примерок......57
7. Организација и тек на истражувањето......58
8. Статистичка обработка на податоците......58
9. Очекувани резултати......59

III. Истражувачки дел......60
IV. Заклучоци и предлози......129
V. Прилози......135
VI. Користена литература......141

РЕЗИМЕ

Златанова Д. - Социјално прифаќање на лицата со интелектуална попреченост згрижени во станбените заедници во општина Неготино. Магистерски труд. Филозофски факултет: Скопје, 2014, 1-147.

**Вовед:** Во 2000 година во Република Македонија започна процесот на деинституционализација. Со овој процес, во наредните четири години, од установата во Демир Капија беа напуштени триесет деца. Во 2009 година започна нова фаза од процесот на деинституционализација: „Живеење со поддршка", со кој на лицата над 18 години со умерена и тешка интелектуална попреченост им се нуди сместување во куќи и станови во заедница со цел тие лица да живеат што е можно посамостојно.

**Цел:** Анализа на субјективните фактори, за да се увидат размислувањата на стручните работници од јавните установи, приватниот бизнис и граѓанскиот сектор за перманентното зголемување на бројот и структурата на лицата со инвалидност прифатени низ разни форми на живеење во Општината. Исто така, да се осознае нивното мислење за вонинституционалното живеење на овие лица преку процесот : „Живеење со поддршка„ како и можностите и способностите кои се искористуваат за нивно целосно осамостојување се до крајната фаза, вработување на лицата со пречки во развојот.

**Методи:** Во истражувањето е опфатен примерок од 118 лица со интелектуална попреченост од општина Неготино. Користен е метод на дескриптивна анализа. Податоците беа обработени со статистичката програма SPSS, со примена на хи-квадрат за df=2, 4 и 5 на ниво 0.001.

**Резултати:** Анализа на добиените резултати ни покажа дека лицата со интелектуална попреченост во Неготино и Демир Капија со процесот на деинституционализација се социјално прифатени од населението како рамноправни граѓани, и тоа : 72% од испитаниците ги почитуваат овие лица. Поголем дел од испитаниците мислеа дека овие лица се присутни на секојдневните културни и спортски манифестаци, 48% од испитаниците мислат дека се уште постојат предрасуди спрема овие лица, 93% од испитаниците мислат дека овие лица прифаќаат работно ангажирање и 92% од испитаниците

мислат дека кај овие лица има позитивни резултати пред да престојуват во формата :„ Живеење со поддршка”, па се досега.

**Заклучок:** Од овој труд може да се заклучи дека лицата со умерена и интелектуална попреченост, во целост се прифатени од населението како рамноправни граѓани во Општина Неготино и Демир Капија.

Мора да се констатира дека во општина Неготино се уште постојат предрасуди спрема лицата со посебни потреби. Постојат архитектонски бариери во Општината. Свеста на граѓаните е на просечно ниво за способностите на оваа популација. Исто така и свеста на работодавците за работните способности и нивно потенцијално вработување е на ниско ниво. Присуството на бариерите води кон недостатоци на лицата со посебни потреби за нивно целосно осамостојување.

ABSTRACT

Zlatanova D. – Social acceptance for people with intellectual preventing in housing communities in municipality of Negotino. Master's work. Faculty of Philosophy: Skopje, 2014, 1-147.

**Introduction:** In 2000 in Republic of Macedonia began the process of deinstitutionalization. With this process, in next four years, 30 kids from Demir Kapija abandon the institution. In 2009 began new phase from the process of deinstitutionalization - „Living with support", people who are older than 18 years with abstinent or hard intellectual preventing offer accommodation in houses or flats in community with point which allow these people to live more independent.

**Point**: Analysis for subjectively factors, notice the conclusion of professional workers from public institutions, private bussiness and civil sector for permanent increasing the number and structure on people with disability accepted through different forms of living in the municipality, also knowing their opinion about non institutional living of those people throught the process „Living with support", as well the oportunities and abilities which are using for their absolutely independence until the last phase, employing the people with evolution disabilities.

**Methods**: In investigation is included the example of 118 people with intellectual preventing in municipality of Negotino. The method of descriptive analisys is used. Materials were treated with the statistic program SPSS with usage of hi quadrat df=2,4 and 5 on level 0,001.

**Results:** The analysis of procured resluts showed that the people with intellectual preventing in Negotino and Demir Kapija with the process of deinstitutionalization. were socialy accepted by the equal population: 72% from the citizens respect these people, bigger part from citizens consider that these people are attend in everyday cultural and sport manifestation, 48% from the citizens consider that there are still prejudices according to these people, 93% from thecitizens consider that these people accept work employment and 92% from the citizens consider that these people have positive results before they occupy the form Living with support until now.

**Conclusion**: From this work we can conclude that the people with abstinent or hard intellectual preventing, generally are accepted by the equal population in municipality of Negotino and Demir Kapija. We must consider that in municipality of Negotino

there are still prejudices against the people with special needs, existbarriers in the municipality, the awareness of the population are on average level about the ability of this population, also the awareness of employees about working ability and their potentional employment are on low level. Existance of barriers leads to disadvantages to people with special needs to get entirely in dependence.

*Вовед*

Ерата на реформите во системот на институционална заштита на лицата со инвалидност започнува со процесот на деинституционализација во 2000 година. Под влијание на меѓународните документи и позитивните примери и искуствата од другите земји, ставовите и мислењето за институционалнотото згрижување на лицата со инвалидност почнуваат да се менуваат. Имено, почнуваат да се согледуваат негативните ефекти од институционалното згрижување и третманот на лицата со инвалидност, почнува да се размислува и да се трага по нови вонинституционални форми на заштита и третман. Така во тој период започнува процесот на деинституционализација.

Овој проект доведе до излегување на голем број деца од Специјалниот завод во Демир Капија, па во установата остана голема група возрасни лица. Денес, постои тенденција да се направи што е можно повеќе на планот на заштита и рехабилитација на овие лица. Со оваа тенденција се настојува да се подобри квалитетот на живеење на лицата со инвалидитет во секој сегмент во општественото живеење. Следејќи ги искуствата од светот за третманот на овие лица, и кај нас се прават промени во нивната едукација, социјална заштита и рехабилитација.

Сите тие размислувања денес се реалност. Промените се евидентирани благодарение на сите реализирани проекти во таа насока: деинституционализација, интеграција и инклузија. Целта на овие проекти беше единствена вклучување на лицата со инвалидитет во нормалните текови на секојдневието, согласно со нивните преостанати способности и можности.

Во 2000 година во Република Македонија започна процесот на деинституционализација. Со овој процес, во наредните четири години, од установата во Демир Капија беа напуштени триесет деца. За оние кои останаа, условите за живот беа подобрени. Деинституционализацијата не смее да се сфати како процес кој ќе доведе до затворање на институциите.

Во 2009 година започна нова фаза од процесот на деинституционализација : „Живеење со поддршка", со кој на лицата над 18 години со умерена и тешка интелектуална попреченост им се нуди сместување во куќи и станови во заедница со цел тие лица да живеат што е можно посамостојно.

Крајна цел на процесот на деинституционализација:„ Живеење со поддршка", во новиот социјален модел на заштита е воспоставување систем кој обезбедува индивидуална поддршка на секое лице, каде истото би учествувало активно во планирањето, реализацијата и евалуацијата на мерките кои се однесуваат на неговиот живот ***(Степановска Е, 2012) (1).***

Процесот започна во Неготино. Го иницираше и го води НВО „Порака" Неготино.

Денес во Неготино и Скопје се опфатени седумдесет лица во станбени единици. Истовремено се опфатени и во Дневниот центар, заедно со други лица. Во ООУ „Страшо Пинџур" се група ученици со лесна и умерена интелектуална попреченост.

Бројот на лица опфатени со вонинституционалните форми на заштита во Неготино, последните години рапидно порасна.

Целта на овој магистерски труд ќе биде: преку анализа на субјективните фактори, да се увидат размислувањата на стручните работници од јавните установи, приватниот бизнис и граѓанскиот сектор за перманентното зголемување на бројот и структурата на лицата со инвалидност прифатени низ разни форми на живеење во Општината. Исто така, да се осознае нивното мислење за вонинституционалното живеење на овие лица преку процесот:

„Живеење со поддршка", како и можностите и способностите кои се искористуваат за нивно целосно осамостојување се до крајната фаза, вработување на лицата со пречки во развојот.

# I. Теоретски основи

## 1. Лица со пречки во развојот

### 1.1. Класификација

Постои широк дијапазон на термини кои се користат кај нас и во светот, кога станува збор за лица со пречки во развојот. Класификацијата и терминологијата на овие лица претставува многу сложен проблем, кој секогаш наоѓа свое место на разни дебати и истражувања ***(Г.Ајдински, З.Киткањ, Љ.Ајдински. 2007) (2).*** Сепак, во Република Македонија најмногу е користена класификацијата според Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој. Според член 4, за лица со специфични потреби се сметаат:

1. Лица со оштетен вид (слепи и слабовидни),
2. Лица со оштетен слух (глуви и наглуви),
3. Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот,
4. Телесно инвалидни лица,
5. Ментално ретардирани лица (лесно, умерено, тешко и длабоко),
6. Лица со Аутизам,
7. Хронично болни лица,
8. Лица со повеќе видови пречки (лица со комбинирани пречки во развојот.) ***(Службен весник на РМ бр.30/2000) (3).***

Предмет на нашето истражување се лицата со интелектуална попреченост (ментална ретардација). Оттука, според класификацијата која ја предлага **Светската Здравствена Организација *(ICD- 10, 1992) (4),*** прифатена и во Република Македонија, менталната ретардација се дели на следните подкатегории:

- **лесна ментална ретардација** 50-69 IQ
- **умерена ментална ретардација** 35-49 IQ
- **тешка ментална ретардација** 21-34 IQ
- **длабока ментална ретардација** под 20 IQ

Светската Здравствена Организација ги вбројува уште и:

- **друга ментална ретардација**
- **неспецифична ментална ретардација**.

Според етиолошко-медицинската класификација, **Американската Асоцијација за Ментална Ретардација** (*AAMR, 2002) (5)* ги класифицира лицата со ментална ретардација во девет групи:

I. Ретардација предизвикана од инфекции и интоксикации;
II. Ретардација предизвикана од трауматизам или физички агенси;
III. Ретардација предизвикана од растројства на метаболизмот или како резултат на недоволна исхрана;
IV. Тешки мозочни заболувања;
V. Непознати пренатални причинители;
VI. Хромозомопатии;
VII. Растројства за време на бременоста;
VIII. Ретардација која ги следи психијатриските растројства;
IX. Ретардација која се јавила под влијание на средината.

Интелектуалната попреченост може да настане уште пред раѓање, т.е. да биде наследена од еден од родителите, во текот на раѓање или после раѓање како последица на прележани болести или трауми ***(Горевски, 2007) (6).***

## 1.2. Лица со ментална ретардација

Поаѓајќи од многубројните научни истражувања и теоретски ставови кои ја опишувале интелектуалната попреченост како специфичен човеков феномен, се дадени голем број дефиниции за да се открие нејзината суштина и комплексност и за да се поставaт услови за премостување и решавање на овој сложен општествен проблем ***(Г. Ајдински, 2000) (7).***

Менталната ретардација (или интелектуалната попреченост) се карактеризира со значително потпросечен резултат добиен на тестовите за ментални способности, со ограничување и изведување на активностите од секојдневниот живот, како што се комуникација, грижа за себе, осамостојување во рамките на различни активности за превентива на здравјето и човекови услуги ***(About intel-lectual disability, 2005) (8).***

Проблемот на инвалидноста не произлегува само од оштетувањето на некои функции, туку е продукт на меѓусебните односи со лицата кои немаат инвалидитет. Нивото на предрасуди во однос на лицата со инвалидитет доведува тие да станат општествено отфрлени ***(Pesič, 2006) (9).***

Според ***Правилникот за распоредување и евиденција на децата попречени во физичкиот или психичкиот развиток***, под интелектуално попречени деца и младинци се подразбираат: *"Деца и младинци со потпросечно интелектуално функционирање што се јавува во развојниот период и е проследено со лошо социјално однесување и отежната социјална интеграција, и кои според резултатите од испитувањето на интелегенцијата имаат коефициент на интелегенција од 0 до 70"* ***(Ајдински Љ, Ајдински Г, Михаилов З. 2004) (10).***

***Ј. Бала и Ј. Новак (1991) (11)*** ја наведуваат класификацијата (Zigler, Balla, No-dapp, 1980) која ја даваме во збиена форма:

- **Семејната (социокултурна) ретардација,** што се јавува поради неповолните услови на средината и опфаќа околу 75% ментално ретардирани лица, чија IQ се наоѓа во рамките на лесната ментална ретардација и која ретко се открива пред поаѓањето на детето во училиште.
- **Органската ретардација,** која најчесто условува количникот на интелегенцијата да биде под 50. Менталната ретардација можат да ја придружуваат сензорните растројства, церебралната парализа, епилепсијата, растројството на говорот и комуникациите, емоционалните растројства и растројствата во однесувањето.

Менталанта ретардација нашироко може да се објасни како несразмерност меѓу способностите на детето и барањата кои му ги поставува средината во којашто живее ***(S. Hrnjica, 1991) (12).***

Врз основа на статистиката и постојните дефиниции, според мислењето на М. Batshaw и B. Shapiro 2,5 % од популацијата би требало да имаат ментална ретардација а од друга страна 2,5 % натпросечна интелигенција (бимодална дистрибуција на интелигенција) ***(Batshaw L.M. 1997) (13).***

**Во Република Македонија еведентирани се вкупно осум илјади двесте и единаесет лица со пречки во развојот на возраст до дваесет и шест години.**

| | |
|---|---|
| Со пречки во интелектуалниот развој | 4871 |
| Со пречки во физичкиот развој | 2504 |
| Комбинирани пречки во развојот | 836 |

*Најголем број од овие деца живеат со своите родители, сто осумдесет и две деца се сместени во установи и деведесет и две деца во згрижувачки семејства.*

**Лица со пречки во развојот во Република Македонија на возраст над дваесет и шест години се еведентирани пет илјади двесте и шест деца; и тоа:**

| | |
|---|---|
| Со пречки во интелектуалниот развој | 2 256 |
| Со пречки во физичкиот развој | 2 950 |

*Најголем број од овие лица живеат со своите родители, триста дваесет и пет лица се сместени во установи и дваесет лица се сместени во згрижувачки семејства.*

Заштитата на лицата над дваесет и шест години кои се со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој се реализира преку остварување на правото на помош и нега од друго лице и преку сместување во установи на социјална заштита ***(МТСП, 2008-2018) (14).***

За жал, во Република Македонија не постојат точни податоци за преваленцијата на МР што укажува на потребата за спроведување на регистар за ментална ретардација или евентуално внесување на оваа категорија лица во наредниот попис на населението на Република Македонија. Неопходноста од спроведување на епидемиолошка студија за МР е повеќе од потребна во наредниот период ***(Трајковски В, 2008) (15).***

## 1.3. Карактеристики на лицата со тешка и умерена интелектуална попреченост

Лицата со **тешка интелектуалната** попреченост од најрана возраст покажуваат воочлива физичка и интелектуална инфериорност, незрелост и неспособност. Често се евидентни разни телесни деформитети. Тешко го владеат говорот и јазикот, а лексичкиот фонд и речениците им се оскудни. Од анамнезата на овие деца се дознава дека подоцна прооделе, моторната координација им е слаба, а движењата троми. Често се среќаваат изразени моторни оштетувања кои упатуваат на присутни лезии во централниот нервен систем, а релативно често се среќава и епилепсијата. Имаат лошо организирана моторика, недограден тонус и латерализираност, дискоординираност на движењата, нарушена перцепција, појава на различни вредности и организираност на сознајните способности, со изразени негативни реперкусии врз интелегенцијата, мислењето, емоциите, говорот и однесувањето на личноста во целост.

Не се способни да го разберат и интерпретираат сето тоа што го гледаат на слика и најчесто забележуваат само некои објекти кои им се покажани. Тешко се снаоѓаат во нови ситуации и имаат силно изразена потреба од постојано укажување на се она што треба да го направат во тие ситуации. Како група едни се пасивни, склони да останат настрана доколку не се стимулираат за активност, други се хиперактивни, неконтролирано шетаат, допираат предмети, не реагираат на забелешките од воспитувачот, се смеат без причина, импулсивни се, деструктивни и честопати многу агресивни ***(Петров Р, 1999) (16).***

Ќе ги изложиме мислењата на повеќемина автори што се однесуваат на психичките и физичките карактеристики на личноста на лицата со **умерена интелектуална** попреченост во целина:

**Сетилата** кај лицата со интелектуална попреченост имаат зголемен праг на осетливост, недостасува диференцираност и бавно се приспособуваат при промена на активноста ***(Андреев Ј, 1994) (17).***

Кај лицата со умерена интелектуална попреченост **моторичките активности** ги изведуваат немелодично, без складна координација и нескладни движења во гестикуларниот простор ***(Nikolic, S. Ilanovic, V. Ilic-Stosovic. 2005) (18).***

Истражувања, кои се реализирани во однос на процена на квалитетот на **визеопросторната гнозија** кај лицата со умерена ментална ретардација, укажува дека оваа гностичка функција е слабо развиена *(Macesic-Petrovic, 1996) (19).*

**Говорот** на лицата со умерена интелектуална попреченост е едноставен. Им одговара на нивото на конкретни операции; и тоа во првите стадиуми во организирањето на тие оперативни способности. Првите зборови почнува да ги изговара во третата, четвртата па и петата година од животот *(Миладиновиќ М, 1994) (20).*

Исто така, кај овие лица се увидени сериозни потешкотии во одредувањето на синоними или синонимската синтагма *(Glumbic, N. Brojcin, B. (2002) (21).*

Низа испитувања покажуваат дека доколку се започне со ран третман кај овие лица се добиваат добри резултати во обласга на разбирање на говорот *(Slavnic, S. Macesic-Petrovic, D. 2004) (22).*

Кај овие лица се забележуваат потешкотии во проценувањето на класи и поткласи и имаат намалени способности за коресподенција и конзервација, што значи дека се на ниво на интуитивно мислење, кое е карактеристично за **предоперативен период** *(S. Kaljaca, 2008) (23).*

Овие лица имаат потешкотии при собирање и одземање во рамката на првата десетка. Потешкотии имаат и при решавање на текстуални задачи, немаат способност за делење и множење (*Gligorovic, 1997) (24).*

**Вниманието** кај лицата со умерена интелектуална попреченост е краткотрајно и непостојано *(Sekusek-Galesev, S. 2002) (25).*

**Селективното внимание** кај овие лица резултира со потешкотии во прифаќањето на складни социјални вештини, правилен говорен развој и емотивните реакции (*Huguenin, 2004) (26).*

Недоволно развиеност на структурите и на функциите на вниманието го спречуваат стекнувањето на знаења и успешност во учење *(Ишпановиќ-Радојковиќ В, 1988) (27).*

**Концентрацијата** кај лицата со умерена интелектуална попреченост, без разлика на нивната етиологија, се забележува потешкотии во одржувањето на концентрацијата *(Japundza-Millsavljevic M, 2007) (28).*

Лицата со умерена интелектуална попреченост не се во состојба да го приспособат своето однесување и став спрема дадена ситуација. Тие применуваат стари, порано научени шеми на однесување, а **помнењето** им е визуелно на конкретни содржини (***Drysdale, K. Shore, S. A. Levick, W. 2004) (29).***

Кај овие лица се забележуваат потешкотии во делот на совладување на вештината на читање, пишување и аритметика (***Gligorovic, 2007) (30).***

Лицата со умерена интелектуална попреченост се во одредена мера социјално некомпетентни. Овие лица имаат потешкотии во социјалното функционирање како и за разбирање на социјалните ситуации ***(Heiman, Margalit. 1998) (31).***

**Способноста за цртање** кај овие лица зависи од нивниот вокабулар и развиеност на фината моторика ***(A. Toomela, 2002) (32).***

Лицата со умерена интелектуална попреченост уште од најрана возраст покажуваат воочлива интелектуална и физичка инфериорност, незрелост и неспособност. Кај овие лица често можеме да забележиме телесни деформации, особено на главата и на забите. Се карактеризираат со низа моторни оштетувања, моторната координација им е слаба, движењата тромави и дисконтинуирани, со недограден тонус и дислатерализираност. Ваквите оштетувања на моториката може да бидат и како резултат на присутни лезии во централниот нервен систем ***(Петров P, 2007) (33).***

***Сликата за себе*** се формира на основното искуство со околината, а посебно се нагласува важноста на евалуацијата на формирањето на сликата ***(Alfirev M, 2007) (34).***

Во низа истражувања за лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост доминантен облик е **виктимизација**-во семејството занемарување, како и физичко, психичко и сексуално малтретирање (***Sullivan, P. Knutson, J. 1998***) ***(35).***

Само лице прифатено од своето семејство и од поширокта општествена заедница, ги поседува предиспозициите за правилен развој на неговата личност. Само доколку се сакани и прифатени овие лица правилно ќе се развиваат. Неповолните семејни услови се дестимулативни за развој на лицата со интелектуална попреченост ***(Рамова A, 2013) (36).***

## 1.4. Лица со комбинирани пречки

Во оваа категорија се вбројуваат лицата кои имаат две или повеќе видови на пречки во развојот.

Во дефектолошката теорија и практика се користи следнава поделба на лица со комбинирани пречки:

- Мултипно оштетување со доминантна ментална ретардација,
- Мултипно оштетување со доминантно оштетување на видот,
- Мултипно оштетување со доминантно оштетување на слухот,
- Мултипно оштетување со доминантно телесно оштетување,
- Мултипно оштетување со неодредена доминантност ***(Stošlević M, 1998) (37).***

Образованието на овие лица е посебен предизвик за сите професионални кадри кои се занимаваат со оваа проблематика. Овие деца не личат едно на друго и токму поради тоа е навистина тешко да се формираат адекватни планови и програма за работа.

## 1.5. Мислењето и ставовите за лицата со инелектуална попреченост

Ставот е во темелниот поим за размислување во општествениот живот. И тој е еден од темелните поими на социјалната психологија, воопшто. За лесно да се одреди својот однос спрема голем број на различни појави, адекватно реагирање на нив, луѓето формираат ставови. Ставовите ни овозможуваат да се стекнат фиксирани стандарди за своите постапки ***(Bajs M, 2003) (38).***

Спрема ***Теорија на Рамнотежа*** (Heider) ставот се опишува од наједноставни когнитивни системи кои се состојат од три когнитивни елементи (субјекти) кои ја сочинуваат когнитивната тријада:

П - *Лице кое гледа,*

О - *Друго лице во поглед и*

Х - *Објектот во став* (***Ministerstvo rada i socijalne politike, 2013) (39).***

Во оквирот на истражувања мерени со ***Социјална дистанса*** на општата популација спрема поединени категории на деца со оштетувања, односно

веројатноста (не) прифаќање на одреден степен на близина на членови од ова група во општата популација, се доаѓа до заклучок:

- Повеќе градови во Србија ги прифаќаат присуството на децата со попреченост во развојот во општеството,
- Спрема определена категорија на лица со пречки во развојот во Србија најмногу се прифатени децата со оштетен вид,
- Најголема социјална дистанца има спрема хронично болните, хиперактивните и децата со емоционални проблеми,
- Поголем дел од населението (98%) зазема став дека државата и општеството треба да преземат за да им се помогне на лицата со пречки во развојот,
- Само 52 % од населението мисли дека општеството треба да се приспособи спрема децата со пречки во развојот,
- Поголем дел 78 % од населението мисли дека ако им се понуди стручна помош и посебни односи во општеството и институцијата, се овозможува кај децата со пречки во развојот донекаде ќе се оспособат за живот во општеството (***Medija centar Beograd, 2009) (40)***.

## 1.6. Квалитет на животот на лицата со инвалидност

Различни автори различно му пристапуваат на концептот „Квалитет на живот", во зависност од своите интереси и цели на истражување. А во согласност со тоа, ќе варира и самата дефиниција за квалитет на живот ***(Ilić I, Milić I, Aranđelović M. 2010) (41)***.

За поединецот, квалитетот на живот го прави сето тоа што му е важно во животот од која било причина (***Lovreković M, Leutar Z. 2010 ) (42)***.

Во шеесеттите години на минатиот век, во дефинициите за квалитетот на живот се прави јасна разлика меѓу објективните и субјективните компоненти. Во седумдесеттите години истражувањата почнале се повеќе да се насочуваат кон субјективните показатели на живот. Денес постои усогласување дека поимот квалитет на живот подразбира комбинација на објективни и субјективни варијабли ***(Vuletić G, Mujkić A.) (43)***. Истражувањата покажале дека

поврзаноста меѓу овие варијабли не е линеарна, односно дека истата е многу сложена *(Martinis T, 2005) (44).*

**Schalock** ги наведува следните индикатори на квалитет на живот на лица со интелектуална попреченост кои се содржајни во осум клучни димензии: емоционална сигурност, меѓучовечки односи, материјална благосостојба, личен развој, физички вредности, самоопределување, социјална инклузија и права *(Herenčić M, Mihanović V. 2006) (45).*

Идентификацијата на потенцијалните предикатори на квалитетот на животот може значајно да придонесе во концепирањето на третманот на лица со попреченост, со што би се подобрил квалитетот на живот на овие лица ***(Gojčeta M, Joković O. I, Pinjatela R. 2008) (46).***

Концептот „*Квалитет на живот*" своите корени ги има во движењата за „нормализација" и "инклузија" и неговите влијанија можат да се видат во законодавството, политиките и програмите кои имаат за цел подобрување на животот, личното задоволство, успехот и вклученоста во заедницата на лицата со интелектуални потешкотии ***(Interimreport, 2003) (47), Opalić P, Nikolić S. 2008) (48).***

Оттука можеме да заклучиме дека суштината на поимот *квалитет на живот* на лицата со интелектуална попреченост е подобрување и унапредување на целокупното живеење на овие лица, кое се остварува низ три нивоа: остварување на основни човекови потреби, доживување сатисфакција во аспекти кои се важни за некоја личност и постигнување на повисоки нивоа на лично уживање и исполнетост ***(Trgovčević S, Kljajić D, Nedović G. 2011) (49).***

Република Македонија се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните и за лицата.

## 2. Деинституционализација на лицата со интелектуална и комбинирана попреченост

***Axelsson C, Granier P, и Adams L. (2004) (50)*** укажуваат дека „деинституционализацијата" би требало да се дефинира како „*процес во кој системот за заштита, првобитно наменет за заштита на лицата со инвалидност така што ќе ги исклучи од друштвото, да се трансформира во*

*систем на заштита кој има за цел да го олесни учеството во друштвото нудејќи им широк спектар на услуги обезбедени на ниво на заедницата, а при тоа да постои принцип на избор и одлучување.*“

Деинституционализацијата не смее да се сфати како процес кој ќе доведе до затворање на сите институции. Напротив, таа ќе доведе до тоа секоја одлука за наредно сместување на дете во институција да биде добро проучена, да се види дали се исцрпени сите други можности за да не дојде до сместување, или во краен случај тоа да биде привремено.

***Кичукова-Голубовска К, (2008) (51)*** исто така истакнува дека процесот на деинституционализација истовремено подразбира и реформи во традиционалните служби, односно во установите за социјална заштита.

Следејќи ги меѓународните искуства на полето на заштита и рехабилитација на лицата со инвалидност, со истовремено усвојување на многу меѓународни документи, кај нас од 2000 година започнува *нова фаза* во третманот и заштитата на овие лица - ***процес на деинституционализација***. Се напушта медицинскиот модел на разбирање на инвалидноста, според кој лицето со инвалидност се третира како болно лице кое треба да се лекува.

***Cirkingagic S. (52)*** на прашањето што е деинституционализација, кои се нејзините задачи и цели истакнува: *„на ова прашање едноставно е да се одговори ако тргнеме од основната филозофија на инклузијата и тргнеме од фактот дека на секој човек местото му е во неговата локална заедница која ќе му обезбеди најголема поддршка и која минимално ќе го ограничува".*

***Лакинска Д. (53)*** *истакнува дека овој процес треба да значи трансформирање на големите социјални институции во помали згрижувачки центри во рамките на општините или неколку општини да се грижат за еден центар. На овој начин одговорноста на централната управа, од Министерството, се пренесува на локалната заедница, што не значи дека централната власт не се грижи или нема грижи и понатаму за овие институции. Но таа грижа се поделува и со локалните сили што ги има општеството, а исто така, во голема мера, тука се вклучува и семејството.*

*Според* ***Петров Р, Копачев Д. и Такашманова Т. (2004),*** **деинституционализацијата** е *процес кој треба да овозможи секое дете да се најде во своето семејство, во неговата локална заедница и да има право да*

*живее во околина која ќе го прифати, која ќе му ја понуди најголемата поддршка и која минимално би го ограничувала* ***(54).***

Процесот на деинституционализација го подобрува квалитетот на живеење во социјалното поле кај лицата со умерена и тешка ментална заостанатост ***(Ѓурчиновска. Л, 2007) (55).***

Во *Хрватска,* процесот на деинституционализација и превенција од институционализација на лицата со интелектуална попреченост започна во 1997 година (API). Таа веќе има разработено модел на модерна професионална поддршка и услуги во локалните заедници за возрасни (домување и поддржано вработување) и специјализирани згрижувачки семејства и детска заедница за децата со посебни потреби ***(Bratkovikć D, Bilić. 2006) (56).***

Целта на процесот на деинституционализација треба да биде воспоставување на систем со можности каде што лицето со хендикеп ќе има контрола над сопствениот живот ***(Полио Плус, 2010 ) (57).***

Искуство на деинституционализација во другите земји во Европа и Америка покажува дека, со соодветна поддршка, лицата со интелектуална попреченост можат да живеат во заедницата. И за луѓето кои живеат во заедница имаат далеку подобар квалитет на живот од оние кои живеат воинституции ***(Pravobra-nitelilje za deca, 2013) (58).***

Според ***(Cummins, R.A. Lauy, A. l. D 2003) (59)*** мисли дека постои квалитативна разлика измеѓу два процеса која ја подразбираат деинституционализација; и тоа вклучување во заедницата и интеграција во неа. Министерството за труд и социјална политика презема активности за деинституционализација и во таа насока е донесен Меморандум за разбирање потпишан во јуни 2000 година помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на УНИЦЕФ во РМ и Светската Здравствена Организација според кои ќе нема прием на нови корисници во установите за социјална заштита. Паралелно се започна и со подготовка на дел од корисниците од Специјален Завод - Демир Капија за нивно излегување од установата. Како резултат на овие активности триесет корисници беа деинституционализирани. Во овој период поинтензивно се работеше на развивање на мрежата на згрижувачките семејства за нудење на соодветна грижа на корисниците. Истовремено започнаа активности за

развивање на форми на дневно згрижување на локално ниво и во овој период се отворија првите дневни центри за деца со интелектуална попреченост.

Процесот на деинституционализација подразбира активности за подготвување на корисниците сместени во установи за нивно враќање во биолошките семејства или сместување во некоја од формите на вонинституционална заштита на локално ниво (згрижувачко семејство, дом семејство или мал групен дом). Преку развој на овие форми на заштита на локално ниво, ќе се намали бројот на корисници сместени во установи од една страна и ќе се потенцира потребата на нови сместувања во установи од друга страна.

**Принципи на кои се темели процесот на деисхтитуционализација:**

- Најдобар интерес на корисникот,
- Право на живот во семејство,
- Граѓански права, еднакви можности и недескриминација,
- Заштита на секаков вид на насилство, злоупотреба и занемарување,
- Заштита заснована врз моделот на семејство,
- Инклузија и интеграција,
- Партнерство и
- Мултисекторска соработка ***(Лазова С, 2012) (60).***

**Поважни меѓународни и домашни документи врз кои се заснова процесот на деинституционализација на лицата со инвалидност во Република Маедонија се:**

- Конвенција на човекови права,
- Конвенција на права на детето,
- ОН Конвенција за борба против туртура и нехуман понижувачки третман,
- ОН Конвенција за правата на лицата со инвалидност,
- Европска социјална повелба,
- Коминике на Европската комисија од 12 ти март 1977 за модернизација и подобрување на социјална заштита,
- Коминике на Европската комисија од 30 ти октомври 2003 година за еднакви можности на лицата со попреченост,

- Меморандум за разбирање потпишан во јуни 2000 година меѓу Министерството за труд и социјална политика, канцеларија на УНИЦЕФ во РМ и Светска Здравствена Организација, според која ќе нема прием на нови корисници во установите за социјална заштита,
- Устав на Република Македонија,
- Закон за социјална заштита,
- Закон за семејство,
- Закон за заштита на децата и
- Закон за основно, средно и високо образование.

Националната стратегија се засновува на темелно разгледување, анализирање и укажување на потребите од донесување на соодветни одлуки од Владата на Р.Македонија за заштита, образование, рехабилитација, оспособување и вработување на инвалидните лица ***( Д. Тафчиевска, 2005) (61).***

## 2.1. Згрижувачки семејства како алтернативна форма на вонистутуционално згрижување

Со процесот на деинституционализација на децата со инвалидност за дел од нив беше обезбедено сместување во згрижувачки семејства во повеќе градови во Република Македонија со што започна и процесот на згрижување на деца со инвалидност.

Во Република Македонија оваа форма е развиена посебно во Скопје, Прилеп, Македонски Брод, Кочани, Крушево, Велес. Заклучно со месец септември 2007 година постојат сто и шест згрижувачки семејства во кои се сместени сто седумдесет и три деца.

ЦСР децата кои се без родители и родителска грижа ги сместуваат и кај блиски сродници кои не се сметаат за згрижувачки семејства. И покрај медиумското промовирање и развивање на оваа форма на заштита која во основа треба да има привремен карактер таа останува фукусирана пред се на долгорочна заштита на категоријата на лица со инвалидност и деца без родители и родителска грижа ***(МТСП, 2011-2012) (62).***

Земено во целина, квалитетот на згрижување е на високо ниво. Децата се добро приспособени, добро прифатени и соодветно згрижени во топла и соодветна средина.

Преку практиката на сместување на децата во згрижувачки семејства од исто етничко потекло, се очекува одржување на врската на детето со сопствената култура. Во ретки случаи, кога децата се сместуваат во семејства со поинакво етничко потекло, останува прашањето за зачувување на етничкиот идентитет на детето ***(Уницеф, 2008 ) (63).***

Сместувањето на деца во друго семејство се применува во ситуации кога родителите не се во можност да се грижат за своите деца, или пак кога правилниот развој и безбедноста на детето во кругот на семејството се загрозени.

Отука, во друго семејство можат да се згрижат деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби и деца со воспитно социјални проблеми.

Сместувањето на деца во друго семејство се користи како инструмент и ресурс во политиката и процесот на деинституционализација и развој на вонинституционални форми во локалната заедница.

Во улога на згрижувачко семејство можат да се јават сите семејства кои исполнуваат со Закон определени услови. Лицата, односно семејствата кои сакаат да згрижат дете може да се обратат во Центарот за социјална заштита кој дејствува на подрачјето на нивното постојано место на живеење.

При изборот на семејство за вршење згрижувачка функција, Центарот се раководи од повеќе критериуми во однос на згрижувачите:

- нивната возраст,
- образовен статус,
- брачен и
- семеен статус.

Етничките прашања и мотивите за чување и одгледување на дете се важни прашања кои ги поставуваат на згрижувачкото семејство. Центарот понатаму ги разгледува прашањата поврзани за материјалните и станбените услови во кое живее семејството.

Сместувањето во згрижувачко семејство се формализира со договор потпишан помеѓу згрижувачкото семејство и Центарот за социјална работа, кој ги

регулира улогите, правата и одговорностите на згрижувачкото семејство, како и услугите за прекинување или продолжување на договорот.

Центрите за социјална работа се задолжени за мониторинг и координација на активностите поврзани со сместување на детето и грижата за него. Згрижувачките семејства имаат обврска да дејствуваат во согласност со договорот со Центарот за социјална работа и доследно да го информираат центарот за сите поважни промени или потреби кај згриженото дете.

Правилникот подготвен од **Министерството за труд и социјална политика**, во соработка со Заводот за социјални дејности, дава правна основа за згрижувањето и ги дефинира следните категории на деца/лица кои може да се сместат во згрижувачки семејства:

- Деца без родители и родителска грижа;
- Деца со проблеми во учењето, во комбинација со злоупотреба, занемарување и социјална несигурност;
- Деца со асоцијално однесување;
- Лица со лесна и умерена интелектуална попреченост;
- Лица со тешка интелектуална попреченост;
- Лица со трајна физичка попреченост;
- Постари лица и
- Возрасни лица со физичка и интелектуална попреченост кои не се во можност да се грижат за себе.

Згрижувачките семејства во земјата ги исполнуваат сите обврски и обезбедуваат адекватна нега на децата сместени кај нив. Очигледно е дека потребите на децата се целосно задоволени и детето расте во средина исполнета со љубов. Згрижувачките родители се вложуваат себеси и своите ресурси со високо ниво на алтруизам и несебичност. Ова исто така значи процесот на селекција на згрижувачките родители, во најголем број случаи е успешен. Сепак, општо земено, квалитетот на згрижување не може да се оцени со висока оценка. Ова е единствено поради фактот што недостасува систем за поддршка на згрижувачко семејство.

Неколку препораки на згрижувачките семејства:

- Системот за поддршка треба да биде воспоставен на тој начин што ќе овозможи континуирана поддршка на згрижувачките родители. Со оглед на тоа што згрижувачките семејства немаат цел да бидат трајно решение за децата, на згрижувачките родители може, на прво место, да им се помогне во тоа да „направат место“ за децата, да им излезат во пресрет на нивните посебни потреби, да работат со училиштето, да ги прифатат комплексностите во нивниот однос со биолошките родители и со посети. И конечно да им овозможат да се вратат кај своите родители на природен и лесен начин кога за тоа ќе дојде време.

- Значително треба да се подобри професионалната поддршка на згрижувачките родители кои се грижат за деца со посебни потреби. Дневната грижа треба да им се направи достапна, надополнета со поддршка за надминување на потешкотиите и проблемите, како и за задоволување на потребите на децата од медицинска нега. Онаму каде што ресурсите на заедницата се ограничени и каде што не постојат Дневни центри, треба да се ангажираат мобилни тимови од стручни лица кои ќе служат како „подвижна“ поддршка за згрижувачките родители во нивните средини.

- Треба да се користат локалните ресурси во обезбедувањето на поддршка на згрижувачките родители. Активностите треба да се преземат од страна на Центрите за социјална работа, во соработка со надлежните граѓански и невладини организации. Конкретно, во давањето на поддршка на згрижувачките родители и децата можат да се вклучат во невладини организации кои работат на социјални програми, хуманитарни организации, образовни институции, државни и приватни фирми или пак, религиозни организации. За оваа цел треба што е можно повеќе да се користи маркетингот.

- Треба да се промовираат активностите за организирање на згрижувачките родители во групи за самопомош на ниво на локална заедница и за формирање на национални или локални здруженија на згрижувачки родители, со цел подобро застапување на нивните интереси и права.

- Потребно е континуирано дисеминирање на информации, насочување, ориентирање и обуки. Подготвувањето на практични и лесно разбирливи прирачници за згрижување, наменети за згрижувачките родители, би можело да биде еден вид домашна поддршка за овие родители. Со оглед на тоа што беше утврдено дека голем број згрижувачки родители го имаат посветено поголемиот дел од својот живот на згрижување и сега се соочуваат со неизвесна иднина во поодмината возраст, треба да се анализираат опции за тоа на згрижувачките родители да им се признае стаж (социјално осигурување) и нивните услуги како згрижувачки родители да се признаат како вработување и да постои континуирана уплата во државниот фонд за пензиско осигурување.

Постои триаголник на односи помеѓу биолошките родители и згрижувачките родители, во кои детето најчесто се наоѓа во средина на тие односи. Изгледа дека, дури и во случаи кога постои комуникација во рамките на тој триаголник на односи, таа комуникација најчесто е од антагонистичка природа и се одржува само затоа што мора. Наместо да биде базирана на соработка која во својот фокус ќе ги има интересите на детето.

Самиот систем за згрижување е воспоставен така што се води според принципот „колку подалеку од местото на живеење на биолошкото семејство, толку подобро“. Спротивно на ова, во случаи каде што имаме сериозна злоупотреба и занемарување во рамките на биолошкото семејство, и каде не постојат можности за повторно обединување на семејството, ретко, па дури и никогаш не се преземаат иницијативи за заштита на детето и работењето во негов најдобар интерес, преку прекинување на родителските права на биолошките родители.

Згрижувачките родители велат дека за нив е најтежок токму почетниот период на згрижување. Токму во овој период се соочуваат со најголем број потешкотии и истите се решаваат тогаш. И во овој период потребна е поголема поддршка, како за згрижувачките родители, така и за децата. По сместувањето недостасуваат директни интервенции, советувања и терапии кои се најпотребни во почетната фаза на приспособување по згрижувањето. Беше искажана загриженост од страна на згрижувачките родители и од вработените во центрите за социјална работа за иднината на децата кои се згрижени во моментов. Ова од

причина што повозрасните деца кои се згрижени во семејства или се наоѓаат во транзиционен период на излегување од системот на згрижување. Тие се особено чувствителни и потребна им е помош. Имајќи предвид дека повеќето од нив влегуваат во системот на згрижување заради трајна попреченост, историја на злоупотребување, занемарување и сексуална злоупотреба и повеќепати инциденти на насилство. И најверојатно дека ќе го доживеат искуството на евентуалното напуштање на системот за згрижување на деца, како уште едно одвојување или потенцијално одбивање.

Во македонски контекст, овие млади лица обично се малку подготвени за живот откако ќе излезат од системот на згрижување и не се подготвени за независен живот. Уште повеќе, тие се оставени сами на себе во најголем дел, или целосно, по заминувањето. Една од најголемите грижи на многу згрижувачки родители кои беа вклучени во евалуацијата, беше неизвесноста на животниот статус на згриженото дете воопшто, а особено за децата со попреченост. Ова е последица на веќе идентификуваниот недостаток на планирање на грижата. Но, исто така, е и индикација дека треба да се преземат конкретни мерки навреме за да се избегне ситуацијата децата неподготвени да го напуштаат системот на згрижување.

И на крај, иако е очигледно дека децата се добро згрижени во згрижувачките семејства и дека се задоволуваат нивните основни потреби, потребни се активности за подобрување на социјализацијата и културниот живот.

## Искуства од сместување деца во други семејства

М.П. со нејзиниот сопруг и синот живеат во Прилеп. Во почетокот на 2004 година одлучија, од Центарот за социјална работа и добија согласност. Да се грижат за деца со посебни потреби. Во нивното семејство имаат прифатено две деца кои претходно беа сместени во институција Специјален Завод во Демир Капија: *„децата многу добро напредуваат. Во почетокот имавме проблеми со едното дете во поглед на начинот на исхрана., Меѓутоа со помош на професорот и девојката од проектот ги надминавме. Ги чувам, хранам, одгледувам како и моите деца, од ништо не ги одделувам...Овде сите ги сакаат децата. Лиман го нарековме дебелко зашто се поправи...Очекуваме,*

*посакуваме, што побрзо да прооди, сега тоа го прави со придружување...Неодамна го посети неговата баба и други роднини. Најпрво се плашеле, во каква состојба ќе го најдат. Беа многу среќни кога видоа како напредувал".*

## 2.2. „Живеење со поддршка" во Република Македонија

„Живеењето со поддршка " е една од новите форми на социјална заштита, која на возрасните лица со интелектуална попреченост им овозможува преместување од институциите во кои живееле и нивно прифаќање во заедницата со соодветна помош и поддршка од стручните служби ***(Stanovanje u zajednici uz podrшku za osobe sa intelektualnim teskocama, 2006) (64).***

**„Живеењето со поддршка"** е процес на извлекување на лицата со попреченост од стационарните институции. Лицата се сместуваат во станови во заедницата (до пет лица во еден стан) и им се обезбедува поддршка во зависност од нивните индивидуални потреби.

Организацијата на живеење е исто како во секое друго семејство со возрасни лица. Тоа значи дека постои поделба на работните обврски во заедницата во зависност од индивидуалните можности и желбите на лицата кои што живеат заедно. Животот е организиран така што секое лице има време и за слободни активности и одмор, време кое ќе го поминат онака како сами ќе го замислат.

Низа истражувања во областа на проценување на социјалната интеракција во процесот „Живеење со поддршка" е увидено осамостојување на лицата со интелектуална попреченост во донесување на одлуки и комуницираат со лицата кои се во нивна блиина ***(Glumbic, N. Brojcin, B 2006) (65).***

Исто така, позитивни промени се јавуваат кај лицата со интелектуална попреченост каде се забележува пораст на самооправдување, автономност и способност за правење на избор (***Spreat, S. Conroy, J. Fullerton, A. 2005) (66).***

***Соработка со општествената заедница***. Непосредно со постапката за избор на лицата кои ќе живеат заедно, треба да се одвиваат и активностите во кои мора да биде вклучена општествената заедница.

-Да се обезбеди соработка меѓу претставниците на институцијата во која биле сместени лицата со попреченост, центрите за социјална работа од

општините од кои потекнуваат лицата со попреченост и носителот на активностите за живеење со поддршка на лицата со попреченост,

-Центрите за социјална работа, кои се вклучени во сите сегменти од организацијата на живеење со поддршка, истото треба да го официјализираат со донесување нови решенија со кои дотогашниот институционален третман се заменува со вонинституционална форма: „живеење со поддршка",

-Министерството за труд и социјална политика треба да бидат информирани за сите активности и да се даде согласност за реализација на истите.

**Превенција од деинституционализација.** Возрасните лица со пречки во развојот кои живеат со своите родители најчесто се исклучени од активностите од општеството. Најчесто овие лица немаат можности да ги научат вештините на независно живеење. И после смртта на своите родители се сместуваат во институција до крајот на животот. За некој кој постојано живеел во својот дом, со своите родители, дури и во тешки услови, нивно упатување во институција претставува трауматолошко искуство како и кршење на човековите права.

Децата со тешка интелектуална попреченост живеат најчесто без стручна и финансиска поддршка. Затоа се сместуваат во институција, каде добиваат стручна поддршка, но не и емоционална поддршка која може да ја нуди семејството.

Програмата превенција од деинституционализација се спроведува во соработка со Центрите за социјална работа, локалните и невладините организации за родители со локалната самоуправа ***(Udruga za promicanje inkluzije) (67).***

„ПОРАКА"- НЕГОТИНО работи на превенција од нивна институционализација преку редовно вклучување во активностите во Дневниот Центар и разни активности за нивно оспособување за самостојно живеење. Денес пет лица со пречки во менталниот развој се дел од првата служба за домување со поддршка во Неготино.

***Избор на лица кои ќе живеат заедно.*** При избор на лицата кои ќе живеат заедно во иста куќа треба да се имаат следниве моменти:

-Идентификација на можните лица. Ако лицата претходно биле сместени во институција, ова се врши во соработка на стручниот тим од

институцијата, со примена на соодветни мерни инструменти: тестови, интервју,

-Обезбедување на согласност од лицата дека сакаат да живеат заедно во куќа/стан, со поддршка од стручни лица. И овде треба да го цениме мислењето на стручните лица од институција во која биле сместени лицата,

-Избирање на стан/куќа во која што ќе живеат заедно,

-Процена на компетенцијата на лицата кои ќе живеат заедно,

-Подготвување на индивидуална програма на активностите за секое лице кои ќе живее со другите во заеднички стан/куќа,

-Избор на стручни работници кои непосредно ќе им помагаат на лицата со попреченост,

-Подготовка на што поуспешна адаптација на лицата кои ќе живеат заедно, со поддршка, во нови услови за живеење и

-Постојано следење и увид во реализацијата на секојдневните активности.

Процесот отвара низа ситуации во кои лесно се распознаваат вредностите и особеностите на поединецот како човечко суштество, да избира, да донесува одлуки, да презема одговорност за се што му е важно во животот.

Во рамките на Службата за домување со поддршка во Неготино и Демир Капија се реализираат различни активности како дел од нејзината програма за работа:

► Активности за осамостојување на корисниците при одржување на нивната лична хигиена,

► Активности за осамостојување на корисниците при уредување и одржување на нивните домови, дворни места и околината,

► Активности за осамостојување на корисниците при набавка на и одржување на нивната облека и обувки,

► Активности за социјализација на корисниците (посета, прошетка, социјални игри)

► Учество на разни манифестации, прослави, концерти и сл.

► Контакт заради одржување на семејните врски со биолошките родители, роднини и старатели,

► Активности за здравствена заштита и грижа за здравјето,

► Индивидуални едукативни активности и

► Активности за поттикнивање за вработување на корисниците ***(ЦПЛМХ Порака Неготино, 2011) (68).***

Независното живеење не треба да се подразбере како самостојно извршување на секојдневните активности во физичка смисла на зборот, туку подразбира дека тоа лице самостојно донесува одлуки за начинот на кој ќе ги задоволи потребите, на начин кој нему му е најблизок и најсоодветен.

**Самоопределувањето** на лицата со интелектуална попреченост вклучени во Службата за самостојно живеење со поддршка е, исто така, еден од основните принципи. Можноста за донесување на одлуки за сопствениот живот е темелна карактеристика на возрасните личности. Изборот и одлуката што ќе се јади, изборот на местото на живеење или пак одлуката за стапување во брак, се одлуки кои се од големо значење во развојот на самоопределувањето ***(Self-Advocate, 2001) (69).***

За лицата со интелектуална попреченост, самоопределувањето е важно, но патот до самоопределувањето често е многу тежок. Најчесто се наоѓаат во неповолна положба од останатите граѓани и многумина во детството често се спречувани во донесувањето на какви било услуги. Многу од лицата со интелектуална попреченост немаат исти можности за учење.

Добро самопочитување води кон добро самозастапување (претставува позитивна слика за себе, познавање и почитување на општествените вредности и стекнување на способност на согледување на негативните искуства) ***(Mosley, 1994) (70).***

Истражувања кои се поврзани со процена на вештината на самозастапување кај лицата со умерена и тешка интелетуална попреченост, укажуваат на постојан нефлексибилен облик на однесување во решавањето на конкретни социјални ситуации (***Wehemeyer, M.l. Kelchner, K.Richards, S. 1995) (71).***

## 2.3.Лична асистенција

Личната асистенција значи лицата со инвалидност да ја компензираат својата инвалидност на тој начин што ќе пренесат определени задачи на друго лице. Тоа се всушност активности кои лицето со интелектуална пореченост не може само да ги изврши.

Ассистентот му помага на лицето со интелектуална попреченост во работата, при одење во град, кога патува, и му помага во комуникација.

Личната асистенција е еден од важните предуслови за остварување на самостојно и независно живеење, чии основни принципи укажуваат на предностите на овој вид на сервис:

- можност на избор,
- самостојно донесување на одлуки,
- контрола,
- одговорност,
- право на грешка и
- персоналната асистенција им помага на лицата со тежок инвалидитет да постанат потполно функционални граѓани.

**Видови нивоа за потребна поддршка**

Ниво за потребната поддршка, определени според личен план, и можат да бидат:

- **Привремена поддршка**, се обезбедува на оние личности кои имаат висок степен на независност, но привремено имаат потреба од поддршка. На пример, личноста може сама да подготвува оброци, но има потреба од поддршка во избирање на прехранбени продукти и планирање на менито. Ова ниво на поддршка се дава и кога доаѓа до промена на животната средина, како што е преселба во ново живеалиште или пак прекин на некоја емотивна врска. Привремената поддршка варира во својот интензитет. Понекогаш е ограничена само на поддршката која ја обезбедува застапникот.
- **Ограничената поддршка** се однесува на континуирана поддршка во определени активности, без разлика дали станува збор за неколку часа

дневно или седмично. На пример, личноста може да има потреба од поддршка во пазарење прехранбени продукти, три пати неделно по два часа, или пак постои можност за потреба од поддршка во врска со одење на работа или земање лекови два пати во денот. Оваа поддршка обично е обезбедена од ассистент.

- **Интензивната поддршка** се обезбедува во текот на целиот ден, секојдневно, за различни активности (континуирана дневна).
- **Сеопфатната поддршка**, се однесува на секојдневна поддршка, во текот на дваесет и четри часа, без разлика дали се работи за активности во станот или заедницата.

### 3.Вработување на лицата со посебни потреби

Вработувањето, односно правото на работа на лицата со инвалидност е последната фаза од долгиот и сложениот процес на нивната рехабилитација.

Правото на работа во сите развиени земји во светот претставува едно од основните правила на човекот. Меѓутоа, правото на работа не треба да се сфати како право на каква била работа, туку работа која одговара на способностите и квалификациите на човекот и право на работа со чие вршење човекот ја обезбедува својата егзистенција (***Марковиќ Ж. Д, 1979) (72).***

И Уставот на Република Македонија, во член 32 го регулира правото на работа и вработување на граѓаните во државата: „*Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при вработување и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност*".

Работен однос може да заснова секое лице кои ги исполнува општите услови утврдени со Законот за работни односи и посебните услови утврдени со закон, колективен договор и акт на работодавецот ***(Службен весник на РМ број 80/2003) (73).***

Република Македонија го обезбедува остварувањето на човековите права на лицата со инвалидност, особено на полето на вработување. И во руралните и во урбаните средини тие мора да имаат исти можности за продуктивно вработување на пазарот на работната рака.

Статистички податоци од развиените земји, како на пример во Северна Америка 34% од лицата со интелектуална попреченост се вработени ***(B. Hernandez, 2000) (74).*** И податоци од други развиени земји, 2/3 од вкупниот број на овие лица се невработени (***H. Hahn, 1997) (75).***

Причините за ниската стапка на вработеност не се лицата со пречки во развојот, туку причините се наоѓаат во економска сила на земјата ***(M. Oliver, 1996) (76).***

Студии во Хрватска, кои ги проценувале ставовите на работодавците за вработување на лица со умерена интелектуална попреченост, поголем број (85%) од испитаниците мислат дека заштитните работилници е најоптималниот вид на вработување на лицата со попреченост (***Kis-Glavas, L. Sokac, K. 2006) (77).***

## 3.1. Вработување на лицата со посебни потреби во Република Македонија

Во 2000 година Република Македонија го донесе Законот за вработување на инвалидски лица ***(Службен весник на РМ број 87/2005).*** Наредните години, овој закон претрпи измени и дополнувања кои одеа во насока на поефикасно вработување ***(78).***

Според ***член 2*** од истиот закон инвалидско лице е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидско лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки, кое според степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

Законот за вработување на инвалидни лица, укажува на мерки кои ги има донесено за подобрување на вработувањето и работењето на овие лица:

- ✓ Доделување на неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено лице. Адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидското лице доколку таа е потребна и набавка на опрема според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика,
- ✓ Ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси и
- ✓ Финасиска поддршка во работењето.

Инвалидско лице може да се вработи само на работно место за кое има соодветно образование. Може да работи или да се прераспредели и на друго работно место, но само ако ги исполнува општите и посебните услови или е оспособено за вршење на работата на тоа работно место.

При вработување на инвалидско лице, работодавецот е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното време, видот и степенот на образование и видот и степенот на инвалидноста на инвалидските лица ***( Трајковски. В, Ајдински Љ, Спироски. М, Скопје. 2002) (79).***

## 3.2. Вработување во заштитни друштва

За вработување на инвалидските лица во Република Македонија се основаат заштитни друштва како трговски друштва. Заштитно друштво може да се основа ако вработува најмалку пет лица на неопределено време од кои најмалку 40% се инвалидски лица од вкупниот број на вработени ***(Службен весник на РМ број 44/2000) (80).***

Вработени во заштитните друштва кои не се инвалиди се ослободуваат од плаќање на персонален данок од доход, за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија.

Заради остварување на заедничките цели и задачи во унапредување на вработување на инвалидско лице во заштитни друштва, овие друштва засноваат Заедница на заштитни друштва, како стопанска заедница во согласност со Законот за трговски друштва.

Едно истражување во Македонија покажа дека кај заштитните друштва постои хуман однос кон лицата со попреченост, нагласена грижа за нив за време и по работа. Тоа зависи од големината на заштитното друштво, негови инвестиции, број на вработеност, пласман на производство и сл. ***(Димкова, М. Петров, Р. 2006) (81).***

### 3.3. Вработување со поддршка

Лицата со инвалидност покажуваат силна желба и способност за учество на отворениот пазар на трудот и за придонес во националната економија. Поддржаното вработување е развиено за да ги оспособи лицата со попреченост тоа да го остварат.

**Принцип на поддржано вработување е**: *„Не повеќе поддршка од онаа што е потребна и не помалку од онаа што е неопходна".*

**Моделот на поддржано вработување се состои од неколку различни фази:**

- Процена,
- Лоцирање на работното место,
- Анализа на работното место,
- Усогласување на работното место,
- (Ре) Дизајн на работното место,
- Запознавање со работното место,
- Обука на работното место,
- Поддршка и надвор од работното место и
- Постојана поддршка.

**Вработување со поддршка** представува платена работа која ја извршува лице со интелектуална попреченост во редовната работна средина низ континуирана опсервација и поддршка ***(Bratkovik D. Jankovik M. Zagreb) (82).***

Вработувањето со поддршка претставува најефикасно за лицата со умерена интелектуална попреченост, со што се надминуваат различни бариери и тоа: социјална, искуствена, физичка и персонална ***(Conger, D. S, 1997) (83).***

Позитивни ефекти при примена на овој вид на вработување би требало да се однесува на унапредување на социјалната интеграција, проширување на професионалното знаење и финансиска поддршка за лицата со интелектуална попреченост (***M. Pendergast, K. Storey, 1999) (84).*** Вработувањето овозможува:

- Учење и развој,
- Финансиска независност,
- Остварување на позитивна општествена улога,
- Можност за избор и донесување на одлуки за својот живот и
- Остварување на правата.

Во Хрватска, моделот на оспособување за работа и вработување во отвореното стопанство за лицата со интелектуална попреченост покажуваат добри резултати и тоа:

- Остварување на приходи,
- Социјална интеграција и интеракција,
- Задоволство од квалитетот на работното живеење,
- Економска исплатливост,
- Родителите на лицата со пречки во развојот се задоволни и
- Лицата се добро прифатени во заедницата и остваруваат подобар квалитет на живот.

Досегашното искуство во Хрватска во поддржано вработување:

- Работа во складишта на дистрибутивни трговски центри ( декларација, сортирање и пакување на производи),
- Чистење и одржување на простории,
- Помош во работа во трговијата,
- Поддршка во градската библиотека,
- Работа на доставување на документи,
- Помош во автомеханичарска работилница,
- Помош во продавница за детски играчки,
- Разносување и делење на рекламен материјал,
- Сезонска работа во земјоделството и
- Подготовка на пијалоци и кафе.

### 3.4. Работно ангажирање на лицата со посебни потреби во процесот „Живеење со поддршка" во општина Неготино

**Искуство од работно ангажирање во општина Неготино на корисниците сместени во Службата за домување со поддршка:**

Во 2012 година започна интеграцијата на лицата со пречки во менталниот развој во општествениот живот во „ПОРАКА" Неготино преку нивно активно и постојано работно ангажирање. Започна да се реализира проектот: „Социјалното вклучување на лицата со попреченост во заедницата". Проектот се спроведува

во соработка со Локалната самоуправа Неготино, приватната фирма „Рециклинг" и ЈП „Кумуналец" Неготино. Преку проектните активности работно се ангжирани десет лица со пречки во менталниот развој-корисници на услугите на „ПОРАКА"-НЕГОТИНО, за собирање на хартија и пластика во контејнери. Откупот на собраниот отпад (хартија и пластика) е обезбеден од страна на фирмата „Рециклинг"- дооел Неготино, додека пак Локалната самоуправа додели поволни локации за поставување на дваесет контејнери во општина Неготино. (десет контејнери за пластика и десет контејнери за хартија). Овие десет лица со пречки во менталниот развојот преку обука се оспособија да ги извршуваат своите работни задачи. ***(Цплмх, 2013) (85).***

Преку работното ангажирање се овозможи интеграција на лицата со попреченост во менталниот развој во општествената заедница:

- Обука, оспособување и работно ангажирање на петнаесет лица со пречки во менталниот развој за собирање на хартија, пластика и најлон во претходно поставени наменски контејнери, лоцирани во градот Неготино,
- Обука и оспособување на десет лица со пречки во менталниот развој за работа со машина, преса за балирање на пластични шишиња, хартија и најлон,
- Информирање на локалното население за користење на поставените контејнери, преку дирекни контакти со населението,
- Промовирање на концептот на локален развој преку вклучување на лицата со пречки во менталниот развој во локалната заедница, нивно работно ангажирање во насока на генерирање на определен приход, како и заштита и зачувување на животната средина на локално ниво,
- Промовирање на концептот на партнерство помеѓу граѓанската организација, Локалната Самоуправа и субјект/и од деловниот сектор во насока на решавање на значајни социјални прашања на локално ниво и обезбедување на локален развој,
- Преку работното ангажирање низ собирање на пластика, хартија, најлон и работа на преса, кај корисниците се постигна напредок на индивидуален план,

- Осамостојување на корисниците и добивање на поголема самодоверба,
- Корисниците за своето работно ангажирање добиваат соодветен надоместок,
- Со работното ангажирање се работи на социјална инклузија и заштита на животната средина,
- Лицата со попреченост во менталниот развој, преку овој проект се подобро прифатени во заедницата и остваруваат подобар и поквалитетен живот,
- На овој начин се промени начинот на размислување на работодавците и прифаќањето на овие лица.

Паралелно со работното ангажирање-собирање на пластика и најлон корисниците на услугите на „ПОРАКА"- НЕГОТИНО започнаа и со продажба на уличното списание „Лице в Лице".

Списанието „***Лице в Лице***" излегува еднаш на два месеца, а го продаваат младинци од улица, најсиромашните и најзагрозени припадници на маргиналните групи кај нас.

Една половина од остварливиот приход од продажбата останува за нив, додека другите пари се користат за развој на проектот, за дополнителна работа за поврзување на продавачите, за обуки, како и за други развојни програми ***(licev-lice.mk)(86).***

Продавачите на ова списание можат лесно да се препознаат по престилките кои ги носат, со натписот **„Лице в лице".**

Овој вид на работно ангажирање доби видни резултати од заинтересираните граѓани за купување на весникот "Лице в лице", како и промовирање на можностите и способностите на нашите корисници, нивна социјална инклузија и интеграција во заедницата.

## 4. Социјализација и интеграција на лицата со посебни потреби

**Терминот социјализација** различно е дефиниран и се употребува најразлично од психолошки, педагошки, психијатриски и од социолошки аспект. Во дефектолошка смисла се употребува да го означи процесот на изградување на личноста со попреченост, а истовремено се дефинира како контролен процес што се набљудува од два аспекта:

- развоен и
- предметен.

**Развојниот аспект** го опфаќа социјалното созревање на личноста во сите фази од развојот на биолошки, ментален и социјален план.

**Предметниот аспект** аналогно го опфаќа определувањето на развојната законитост на социјализацијата. Оваа компонента треба да се провлекува како нишка низ сите фази на сложениот процес на рехабилитација, од откривање, до постигнување можна социјална зрелост, т.с. до постигнување задоволувачка социјализираност на лицето кое се рехабилитира.

Социјализацијата се дефинира како процес на учење и како процес на општествено созревање. Точно е дека процесот на социјализацијата се забрзува, се насочува и се регулира со учење, но не може да се тврди дека тоа е исклучително продукт на учењето. Ова мислење го потврдуваат два факта:

- и во најдобри услови за учење голем број личности не се здобиваат со потребно ниво на социјализираност,
- без организирана, планирана и програмирана работа врз социјализацијата, голем број на личности не се здобиваат со потребно ниво на социјализираност.

Човекот како општествено битие е производ на општествени услови, на општествени односи и на општествени влијанија. Но, истовремено е активен фактор во тие услови, односи и влијанија. Поради тоа не може да се постигне интегритет на личноста без апсолутна интегрираност во општествената средина.

Тоа значи дека човекот не може да стане општествено битие ако не му припаѓа на општеството и ако не е во перманентна интеграција со општествената средина.

Процесот на социјализација треба да се сфати како приспособување и воспоставување на определен квантум на позитивни односи во средината во зависност од нивните преостанати физички потенцијали. Ваквото сфаќање за социјализацијата на ментално ретардираните индивидуи се заснова врз фактот што во биолошки поглед процесот на нивното созревање во голема мера е бавен и по правило, физиолошката опрема на децата останува во забележителна недоразвиеност изразена во различни степени, што има своја рефлексија и врз процесот на учење, односно социјализација. (живеење и комуникација) ***(Б.Андреевски, В. Благин, 2012) (87).***

Компоненти на социјална поддршка

- Квалитет на активно учество на лицата со инвалидност во заедницата,
- Пристап до услугите во заедницата,
- Промени кои водат до учество во активноста кои го подобруваат квалитетот на животот и
- Можности за развој на широк спектар на односи и врски во заедницата ***(Илиевски В, 2014) (88).***

Интеграција е процес на адаптација на лицата во нова средина и опфаќа мерки и активности кои ги нуди државата со цел за нивно полесно вклучување во општествениот живот ***(www.myla.org.mk) (89).***

Според мислењето на определени стручно-професионални кругови, постојат три облици на **интеграција** :

- ✓ **Физичка интеграција** значи намалување на физичката дистанца меѓу попречените и здравите.
- ✓ **Функционална интеграција** значи кратка функционална дистанција меѓу двете групи. Функционалната интеграција егзистира до степен кога на лицата со пречки во развојот им обезбедува исти функционални ангажмани.

- ✓ **Социјална интеграција** е степен до кој контактот на комуникации здружува две групи.

## 5. Дневни Центри за лицата со посебни потреби

Дневниот Центар е отворен облик на заштита на лицата со пречки во развојот. Предноста во Дневниот Центар е што лицата се дружат меѓусебно, а истовремено им се нуди воспитна работа, здравствена заштита и овозможува развивање на индивидуалните способности.

Правото на дневно згрижување, како вониституционална форма на заштита е регулирано и во член 15 од Законот за социјална заштита, во кој во став 2 се вели: *„Право на дневно згрижување се обезбедува и за лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и на инвалидното лице кое не може да се грижи за себе".*

Дневните центри мора да одговараат на секојдневните потреби на децата со посебни потреби и затоа е потребно е да се имаат предвид следниве индикатори:

- Широк простор за да може да го користат лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развој и со можност да биде флексибилно адаптиран според разновидните планирани активности,
- Распределба на простор со цел центарот да изгледа како семеен дом,
- Пространи влезови со рампи погодни за инвалидна количка или за лица кои имаат проблем при движењето,
- Внатрешно уредување на установата со цел да се намалат архитектонски бариери, да се поставаат држачи по целата должина на ходниците и на скалите, уредување на бањите, со цел да бидат заштитени од повреди.

Целите може да се групираат во три насоки:

1. **Цели орентирани спрема децата**

- ✓ зголемување на личната самостојност,
- ✓ вклучување во локалната заедница,
- ✓ развој на комуникативните способности,
- ✓ развој на когнитивните способности и
- ✓ развој на работните способности.

**2. Цели оринтирани кон семејството**

- ✓ поддршка во секојдневните активности за грижа, рехабилитација и социјализација,
- ✓ поддршка во здобивање на нови рехабилитациони способности и
- ✓ стимулација и поддршка за надминување на ситуацијата на социјалната изолација.

**3. Цели орентирани кон заедницата**

- ✓ подигање на свеста во однос на полето на хендикепот,
- ✓ давање на одговорност на мрежата на заедниците со соочување на животните задачи на лицата.

Во Република Македонија постојат центри за Дневен престој за лица со пречки во интелектуалниот развој.

Исто така, во РМ постојат и Дневни центри кои се раководени од страна на невладини организации и тоа:

- ➢ Шест Дневни центри за лица со пречки во интелектуалниот развој од страна на Републички Центар за поддршка на лицата со пречки во развојот „Порака",
- ➢ Два Дневни центри за лица со пречки во интелектуалниот развој од страна на Регионален Центар за поддршка на лицата со пречки во развојот „Порака".

Предноста на Дневните центри како вонинституционална форма во однос на институционалното згрижување е повеќекратна:

- ❖ Децата остануваат во нивните семејства и со тоа не се прекинуваат емоционалните врски и односите на членовите во семејството, туку тие и понатаму се негуваат и развиваат, како битна компонента на емоционална сигурност,
- ❖ Дневните центри даваат можност за поголема флексибилност при определување на организациските облици, содржина на работа и други активности во нив, при определување на работното место и друго. Во

зависност од потребите на децата, при што влијанието на родителите во оваа насока ќе биде мошне значајно,

- Сместувањето во установа претставува крај на процесот на поддршка и помош. Вклучувањето во Дневен центар е средство за помош на лицата со посебни потреби за добар и отворен живот со своите семејства и со заедницата,
- Примарна цел на Дневниот центар е да им се обезбедат потребните услови на лицата со пречки во развојот и на нивните семејства, а преку индивидуални проекти, договорени со корисниците и поставени од колективната животна средина отворени за заемна размена со надворешниот свет т.с. со заедницата.

Стручната работа со корисниците се реализира низ следниве активности:

- Самопосложување,
- Развој на говор и јазик,
- Развој на психомоториката,
- Запознавање на природата и општеството,
- Физичко воспитание,
- Ликовно воспитание,
- Музичко воспитание и
- Слободни активности и соработка со родителите.

- **Самопосложување** е оспособување на лицата за грижа за себе, развивање на основни навики на хигиена и однесување во општествената и работната средина,
- **Развој на говорот и јазикот** е изговарање на зборови и усвојување на нови поими. Секојдневно се применуваат и сензомоторни вежби со правилно дишење и игра со организирање на звук во непосредната средина. Со тоа се постигнува правилен ритам на говорот.
- **Развој на психомотриката** е во склад со можностите на секое дете да доживее телесна целина, просторна и временска ориентација. Обновување и проверување на искуството на децата со сопственото тело за себе и простор, време и односи во простор и социјално поле се во содржината на организираната работа.

- **Запознавање на природната и општествента средина** се остварува тако што лицето се вклучува во непосреден контакт со природата и му се овозможува сознавање со места кои му припаѓаат. Воочување и запознавање на поими и односи во општеството е со активно вклучување во општествената средина низ разни манифестации. Сето тоа му овозможува припадност и задоволство. Неопходно е да се следи нивната желба и самостојност во работата.

  Низ сето тоа личноста го сознава светот на природата, природните појави, воочување на карактеристичните појави во природата, разлики и специфичности, запознавање на животинскиот и растителниот свет.
- **Физичко и здравствено воспитание** е активност, во која личноста формира елементи на сознавање за навиките кои придонесуваат за чување на здравјето низ нивна практична примена. Во овој домен на активности спаѓаат телесни вежби и природни игри. Низ ова треба да се има предност и рекреацијата бидејќи е значајна за оваа популација. Тоа значи Дневните центри треба да имаат отворен простор, воздух, сонце, како што дозволуваат климатските услови.
- **Работно воспитание** се темели на доменот на самопослужување од елементарно до сложена задача. Различна работа, придонесува да се развива интерес за разновидни материјали, за нивна примена во игра или практична употреба. Се настојува лицата да се здобијат со слобода и радост во игра, истрајност и упорност во работата, што се постигнува процена на објективните способности. Во работата со различен материјал се развива моторика на прстите и координација око-рака. Лицата треба да знаат дека при самостојна работа истражуваат своја идеја, желба и сопствената креативност. Па и додека се работи на елементарна манипулација: одмотување-замотување, режење на хартија, итн.
- **Ликовно воспитание** низ елементарни вештини значи сензорно, визуелно и тактичко осознавање. Постепено запознавање на различен природен материјал се развива детскиот интерес за ликовно истражување, најчесто психомоторниот развој на децата.
- **Музичко воспитание** има голема вредност и овозможува на лицата со посебни потреби да нуди поддршка во умствениот, физичкиот и

моралниот развој. Низ овој облик со музиката се развива внимание, фантазија, мислење, истрајност и дисциплираност. Посебно значење лежи во развој на говорот и моториката, каде се применуваат разновидни облици на работа и со корективниот третман се постигнуваат големи резултати.

- **Слободни активности** пред се се подразбираат оние активности кои се одбрани спрема слободен избор и способности на самите лица.
- **Здравствена заштита** на лицата со посебни потреби во Дневен центар се:
  - редовни систематски прегледи,
  - преглед на физијатар,
  - стоматолошки прегледи и
  - едукација на родителите од аспект на здравствено воспитание ***(Jevremovic Lj, Slijepcevic, T. 1985-2005. Zagreb) (90).***

Во Дневниот Центар „ПОРАКА"-НЕГОТИНО во Неготино се реализираат различни активности; и тоа:

- **Креативна работилница**, опфаќа секојдневна обука за рачно везење и шиење, шиење на машина, плетење, ткаење, работа со тесто, гипс и глина, изработка на честитки и накит и други украсни предмети,
- **Работилници за готвење**, овозможува обука за подготовка на храна, декорираање и послужување, бонтон при јадење, користење и одржување на приборот и сл.
- **Работилница за физикална терапија**, се применува индивидуален и групен третман, се користат програми приспособени според нивните можности,
- **Спорт и рекреативни активности**, се застапени преку разни групни спортови (фудбал, кошарка), индивидуални спортови (пинг-понг, тенис) и рекреативни (карти, не лути се човече),
- **Едукативни работилници**, вклучуваат активности за едукација на корисниците за самоодредување и самозастапување, здобивање на слика за себе, права и одговорност, искористување на заедничките придобивки и донесување на одлуки,

- **Работилница за компјутери**, овозможува здобивање на основни знаења за работа на компјутер и примена на дидактички игри,
- **Работа во двор**, одржување на дворната површина, одгледување на градинарски и овошни култури и хортикултура,
- **Драма, музика и танци**, учество на драми и успешно подготовка на драмска претстава „Итар Пејо и Насрдин Оџа", вклучување во играорна секција и пејачка група.
- **Прослави**, значајно се прославуваа верските и државните празници на Македонија, родендени и имендени на корисниците.
- **Екскурзии**, посета на места во и надвор од Македонија ***(Дневен Центар, 2012. Неготино) (91).***

## 6. Релевантни истражувања

Во Република Македонија програмата "Живеење со поддршка" е во почетна фаза.

Направените релевантни истражувања на вонинституционалното згрижување кај нас во Македонија се во насока на деинституционализацијата.

Назив на студијата:Лица со умерена и тешка интелектуална попреченост опфатени со формата „Живеење со поддршка".

Цел на студијата:Основна цел на истражувањето е да се увиди дали формата „Живеење со поддршка" претставува постимулативна средина за лицата со умерена и тешка ментална ретардација во однос на институцијата во која подолго време биле сместени.

Автор-истражувач:Елена Степаноска

Време кога е вршено истражувањето: 2009-2011 година

Методологија:Примерокот го сочинуваат лица со умерена и тешка ментална ретардација кои по процесот за деинституционализација се излезени од Специјалниот завод од Демир Капија и се прифатени во формата „Живеење со поддршка". Анализирана е постојната документација од Специјалниот завод од Демир Капија, интервју со стручните лица од Центрите за социјална работа, асистентите кои ја нудат поддршката на лицата со посебни потреби и анкетен лист за корисниците кои се опфатени во формата „Живеење со поддршка".

Во понатамошен тек следи обработката на поставените хипотези во однос на ова истражување.

- Претпоставивме дека подолгиот престој во Службата за самостојно живеење придонесува за подобрување на грижата за личната хигиена кај клиентите згрижени во службите за самостојно живеење со поддршка. **Според добиените податоци може да се заклучи дека хипотезата делумно се потврдува.**
- Втората хипотеза која ја поставивме се однесуваше на престојот во Службата за самостојно живеење и комуникацијата со лицата надвор од Службата и подобрување на истата. Врз основа на изнесеното **може да се заклучи дека втората хипотеза се потврдува.**
- Третата хипотеза се однесуваше на временската ориентација, односно дали престојот во Службата за самостојно живеење со поддршка во заедница придонесува за зголемување на напоменатата вештина. Како фреквенција се сретна кај седум испитаници кои претставуваат 11,11% од вкупниот број на испитаници. Според изложеното **може да се заклучи дека третата хипотеза не се потврдува.**
- Четвртата хипотеза која ја поставивме се однесува на грижата на хигиената во заедниците, односно дали времето на престој во Службата ја зголемува свесноста за хигиената на личниот простор. Врз основа на изнесеното **можеме да заклучиме дека четвртата хипотеза се потврдува.**
- Претпоставивме дека подолгиот престој во Службата за самостојно живеење има влијание врз грижата за сопствените предмети (алиштата). **Изнесените податоци укажуваат на фактот дека оваа хипотеза делумно се потврдува.**
- Следната хипотеза се однесуваше на посетеноста од страна на стручните работници во Службите за самостојно живеење со поддршка во заедницата. **Оваа хипотеза делумно се потврдува.**
- Следната хипотеза која ја поставивме се однесуваше на моделот на згрижување на лицата со интелектуални потешкотии од страна на стручните работници и асистентите инволвирани во проектот. **Оваа хипотеза се потврдува.**

- Последната хипотеза која ја поставивме се однесуваше на потребата од дополнителна едукација за вработените во Службата за самостојно живеење и стручните работници во Центрите за социјална работа. **Врз основа на изнесеното оваа хипотеза делумно се потврдува.**

# II. Методологија на истражување

## 1.Предмет и цел на истражување

*Предмет на ова истражување ќе бидат*:

- Лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост кои се прифатени и живеат во станбени единици во Неготино и Демир Капија, низ формата „Живеење со поддршка",
- Лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост кои го посетуваат Дневниот Центар во Неготино,
- Лицата со посебни образовни потреби во посебната паралелка во ООУ „Страшо Пинџур",
- Стручните работници кои ја обезбедуваат стручната поддршка во станбените единици во Неготино и Демир Капија, родителите на лицата опфатени низ разни форми на живеење во Неготино, вработени лица во училиштата, ЦСР, детските градинки, Здравствениот дом, НВО и граѓаните на општина Неготино.

*Целта на ова истражување ќе биде: да добиеме сознанија за мислењето на граѓаните во Неготино за перманентното зголемување на бројот на лицата со интелектуална попреченост.*

- Ставовите на родителите чии деца посетуваат Дневен центар,
- Ставовите на Стручните работници од Центарот за социјална работа од Неготино,
- Ставовите на Стручните работници од Здравствен дом Неготино,
- Ставовите на Стручните работници од основното општинско училиште „Гоце Делчев" во Неготино,
- Ставовите на Стручните работници од основното општинско училиште „Страшо Пинџур" во Неготино,
- Ставовите на Стручните работници и негователите од детската градинка „Фемо Кулаков" клон „Пролет",
- Ставовите на Стручните работници и негователите од детската градинка „Фемо Кулаков" клон „Мајски Цвет",

- ❖ Стручните работници од НВО и
- ❖ Граѓани од Неготино за да се увиди нивното размислување за перманентното зголемување на бројот на лицата со интелектуална попреченост во Неготино и Демир Капија.

**2.Задачи на истражувањето**

- ❖ Да се испитаат ставовите на ассистентите и стручниот тим, опфатени во формата на "Живеење со поддршка",
- ❖ Да се испитаат ставовите на родителите за вклученоста на своите деца во социјалниот дел во средината,
- ❖ Да се утврди бројот на станбени заедници во Неготино и Демир Капија.
- ❖ Да се утврди бројот и структурата на лицата кои се опфатени во формата „Живеење со поддршка" во Неготино и Демир Капија.
- ❖ Да се утврди бројот и структурата на лица со пречки во развојот кои го посетуваат Дневниот Центар во Неготино,
- ❖ Увидување на проблемите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби во средината во која живеат,
- ❖ Увидување на постоењето на бариери за лицата со посебни потреби во општина Неготино,
- ❖ Увидување на можноста на вработување на лицата со посебни потреби,
- ❖ Увидување на можноста за живеење во посамостоен живот,
- ❖ Увидување на ставовите на стручните работници во основното општинското училиште за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино,
- ❖ Увидување на ставовите на стручните работници на НВО за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино,

- ❖ Увидување на ставовите на стручните работници во детските градинки за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино,
- ❖ Увидување на ставовите на стручните работници во Здравствениот дом за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино,
- ❖ Увидување на ставовите на стручните работници од ЦСР Неготино за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино и
- ❖ Увидување на ставовите на граѓаните за перманентното зголемување на бројот на лицата со хендикеп и нивниот квалитет на живеење во општина Неготино

## 3. Хипотези

***Општи хипотези***

1. *Се претпоставува дека лицата со интелектуална попреченост во Неготино и Демир Капија со процесот на деинституционализација се прифатени од населението како рамноправни граѓани.*

*2. Се претпоставува дека процесот на живеење со поддршка кај лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост нуди постимулативна средина за живеење, а со тоа и поквалитетен начин на живеење од институционалното згрижување.*

***Посебни хипотези***

*3.Се претпоставува дека сместувањето во станбените заедници нуди средина просечна како секое нормално семејство,*

*4.Се претпоставува дека живеењето со поддршка за лицата со попреченост нуди можност за развој на нови вештини, способности и таленти на корисниците.*

*5.Се претпоставува дека живеењето со поддршка нуди можност за работно ангажирање и вработување,*

*6. Се претпоставува дека лицата од станбените заедници се социјално интегрирани во општествената средина,*

*7.Се претпоставува дека лицата со интелектуална попреченост сместени во формата „Живеење со поддршка" ги намалува постојните предрасуди за лицата со посебни потреби и*

*8.Се претпоставува дека лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост, сместени низ формата од вонистигуционално живеење нуди поголеми можности за целосно осамостојување на овие лица.*

## 4. Варијабли на истражувањето

*Варијабли:*

-комуникација

-ориентација (временска и просторна),

-самопослужување,

-работа во кујна,

-работа во двор,

-пазарување,

-лична хигиена,

-хигиена на алишта и обувки,

-ракување со електрични апарати,

-социјални вештини,

-самоодредување,

-читање и пишување,

- работно ангажирање,

-престој во станбените заедници,

-живеење кај своите родители и

-посетување на посебната паралелка во основното училиште „Страшо Пинџур" во Неготино.

## 5. Методи, техники и инструменти на истражување

За потребите на овој магистерски труд, во истражувањето ќе бидат применети дескриптивниот и аналитичкиот **метод** преку кој ќе се дојде до повеќе битни детали за одбраната тематика.

Како истражувачка **техника** ќе се примени *анкетирање.*

**Инструмент** за спроведување на истражувањето ќе биде *анкетен прашалник.*

Анкетирањето ќе биде применето како инструмент за истражување на лицата со посебни потреби. Од страна на испитаниците ќе бидат добиени писмени одговори. Врз основа на поставените прашања и добиените одговори ќе биде направена анализа на тематиката на истражувањето.

Анкетата со прашалник која ќе се спроведе во истражувањето не е голема и нема да бидат потребно повеќе од петнаесет минути за пополнување на истата.

Од анкетата ќе се добијат квалитативни и квантитативни податоци.

Прашањата од анкетните листови ќе бидат од затворен тип со конкретно дефинирани и концизно понудени одговори.

## 6. Популација и примерок

Ќе биде направен обид за контакт со определени институции каде би можело да се достави анкетниот прашалник.

Примерокот е:

- Едностепен – бидејќи се одлучивме за испитување на една категорија – лица со посебни потреби,
- Двостепен – доколку имаме соработка од страна на институциите,
- Стратификуван – бидејќи ќе бидат опфатени лица со посебни потреби.

***Примерокот го сочинуваат неколку групи на испитаници:***

- воспитувачи и негуватели од детските градинки,
- претставници од невладиниот сектор,
- претставници од наставниот кадар од општинските основни училишта,
- претставници од ЦСР Неготино,
- родители на лица со интелектуална попреченост,
- стручен персонал од Здравствен дом Неготино и
- граѓани на општина Неготино.

## 7 . Организација и тек на истражувањето

Сите испитаници во текот на истражувањето ќе бидат запознаени со целта и задачите на ова истражување и ќе им се укаже на можноста за достапност до добиените податоци по завршување на истражувањето.

Истражувањето ќе се одвива во просториите во институциите и организациите во општина Неготино.

За анкетирање и истражување на терен се планирани шеесет работни дена. Уште шеесет работни дена се планирани за статистичка обработка и интерпретација на податоците. Истражувањето е планирано да се одвива на почетокот на 2014 година.

Паралелно со прибирање на податоците ќе се врши и анализа на документацијата која се однесува на проблемот на истражување (научна, домашна и странска литература, интернет ресурси, статии објавени во различни публикации, што се применети во теоретското дефинирање на проблемот на истражување).

## 8. Статистичка обработка на податоците

Обработката на податоците од истражувањето ќе се изврши со помош на статистички етапи и техники.

Откако ќе ги собереме податоците врз основа на тоа што се од номиналната група на податоци, прво ќе бидат нумерички означени, а потоа ќе пристапиме

кон *групирање* и *табели* на истите и пресметување на фреквенции и проценти на структурата на добиените резултати.

За споредување на добиените фреквенции на одговорите, ќе користиме $\chi^2$( хи-квадрат тест), кој треба да ни покаже дали постои статистички значајно отстапување помеѓу фреквенциите кои се добиени во ова истражување со оние кои случајно би ги добиле и би биле еднакво распоредени.

Податоците ќе бидат обработени со помош на статистичката програма SPSS (Statistikal Pacage for Social Science

## 9. Очекувани резултати

Со помош на ова истражување очекуваме да добиеме резултати кои ќе го прикажат прифаќањето на лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост вклучени во програмата „*Живеење со поддршка*", Лицата кои го посетуваат Дневниот центар во Неготино и ставовите на граѓаните за прифатеност на лицата со посебни потреби во општина Неготино.

Очекуваме добиените резултати да и помогнат на стручната јавност за здобивање на нови знаења и ќе поттикнат на поширока имплементација на овој вид згрижување на лица со посебни потреби, што ќе придонесе за намалување на бројот на институционално згрижени лица и ќе го подобри нивниот живот.

# III. Истражувачки дел

Со цел да добиеме поцелосен преглед и значење на добиените информации, резултатите од истражувањето ќе бидат образложени со помош на дескриптивна метода, а потоа ќе бидат табеларно и графички прикажани.

**- Дескрептивна анализа -**

*Приказ на примерокот кои учествувват во истражувањето*

**Табела бр. 1 Приказ на број на испитаниците**

| **Вкупен број на испитаници** | |
|---|---|
| ЈУОДГ „Фемо Кулаков”-клон „Пролет” | 19 |
| ЈУОДГ „Фемо Кулаков„-клон „Мајски Цвет” | 9 |
| ЈЗУ „Здравствен дом”- Неготино | 11 |
| Невладина организација | 20 |
| Родители на лица со пречки во развојот | 10 |
| ООУ„Страшо Пинџур”-Неготино | 9 |
| ООУ „Гоце Делчев”-Неготино | 10 |
| Центар за Социјална работа-Неготино | 8 |
| Граѓани на општина Неготино | 22 |
| Вкупно | 118 |




**Слика бр.1 Графички приказ на испитаниците**

Од слика бр.1 можеме да увидиме дека најголем број од испитаниците се граѓани на општина Неготино. Се опфатени 19% (22) од вкупниот број на испитаници, 17% (20) се испитаници од НВО, 16% (19) од испитаниците се од ЈУДГ „Фемо Кулаков" клон „Мајски Цвет", 9% (11) од испитаниците се од „Здравствен дом" од Неготино, а со 8% (9) се од ЈУДГ клон „Мајски цвет", Родители на лицата со пречки во развојот и ООУ „Страшо Пинџур", а со најмалку од испитаниците се претставници од ЦСР Неготино со застапеност од 7% (8) од вкупниот број на испитаници.

**Табела бр.2 Приказ на испитаниците спрема нивната вработеност**

| **Вработеност на испитаниците** | | |
|---|---|---|
| ЈУОДГ „Фемо Кулаков" клон „Пролет"-Неготино | 19 | |
| ЈУОДГ „Фемо Кулаков"-клон „Мајски цвет"-Неготино | 9 | |
| ЈЗУ „Здравствен дом"- Неготино | 11 | |
| Невладина организација | ЦПЛМХ „ПОРАКА"-Неготино | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| | Центар за одржлив регионален развој | 9 |
| Родители на лица со пречки во развојот | Јавна установа | 1 |
| | Приватно претпријатие | 4 |
| | НВО | 1 |
| | Пензионери | 3 |
| | Невработени | 1 |
| ООУ „Страшо Пинџур"-Неготино | 9 | |
| ООУ „Гоце Делчев"-Неготино | 10 | |
| Центар за Социјална работа-Неготино | 8 | |
| Граѓани на општина Неготино | Јавна установа | 4 |
| | Приватно претпријатие | 12 |
| | Пензионери | 4 |
| | Невработени | 2 |
| Вкупно | 118 | |

Од табела бр.2 можеме да забележиме дека деветнаесет испитаници се вработени во ЈУДГ „Фемо Кулаков" клон „Пролет", девет испитаници се вработени во ЈУДГ клон „Мајски Цвет", единаесет испитаници се вработени во „Здравствен дом" Неготино, единаесет од испитаниците се претставници од НВО "ПОРАКА" Неготино и девет испитаници се претставници на НВО „Центар за одржлив регионален развој", еден од родителите на лицата со пречки во развојот е вработен во Јавна установа, четири од родителите се вработени во Приватно претпријатие, еден е претставник на НВО, три родители се пензионери и еден родител е невработен, девет од испитаниците се вработени во ООУ „Страшо Пинџур", десет од испитаниците се вработени во ООУ „Гоце Делчев", осум испитаници се вработени во ЦСР Неготино. Од испитаниците од граѓаните на општина Неготино во истражувањето четири се вработени во јавна

установа, дванаесет испитаници се вработени во приватно претпијатие, четири од нив се пензионери и два испитаника се невработени лица.

**Табела бр.3 Приказ на полот на испитаиците**

| Пол на испитаниците | |
|---|---|
| Мажи | 25 |
| Жени | 93 |
| Вкупно | 118 |




**Слика бр.2 Графички приказ на полот на испитаниците**

Од графичкиот приказ се гледа дека 21% (25) од вкупниот број на испитаници се машки пол, а 79% (93) од вкупниот број на испитаници се женски пол.

**Табела бр.4 Приказ на возраст на испитаниците**

| Возраст на испитаниците | |
|---|---|
| Под 20 год | 9 |
| 20-30 год | 3 |
| 30-40 год | 33 |
| 40-50 год | 34 |
| 50-60 год | 26 |
| Над 60 год | 12 |
| Без одговор | 1 |
| Вкупно | 118 |




**Слика бр.3 Приказ на испитаниците спрема нивната возраст**

Од слика бр.3 може да заклучиме дека со најголема застапеност се испитаниците на возраст од 40-50 години со 29% (34), потоа испитаниците од 30-40 години со 28% (33). Потоа следуваат испитаниците на возраст од 50-60 години со 22% (26) застапеност, со 10% (12) застапеност се испитаниците над 60 години, со 8% (9) застапеност се испитаниците под 20 години, со 2% застапеност се испитаниците од 20-30 години и 1% (1) од испитаниците се без одговор на годините.

**Табела бр.5 Приказ на испитаниците спрема стручната способност**

| Стручна способност на испитаниците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
*Хипотеза 5: Се претпоставува дека живеењето со поддршка нуди можност за работно ангажирање и вработување.*

***Петата хипотеза ќе биде обработена низ аспектот дали лицата со посебни потреби прифаќаат работно ангажирање.***

**Табела бр.46 Приказ на мислењето на испитаниците дали лицата со интелектуална попреченост прифаќаат работно ангажирање**

| | **Дали овие лица прифаќаат работна окупација?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Прифаќаат работа | Избегнуваат да работат | Не сакаат да работат | ∑ |
| $f_0$ | 110 | 7 | 1 | 118 |
| $f_s$ | 39, 33 | 39, 33 | 39, 33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **190,91** | | | |




**Слика бр.45 Приказ за мислењето на граѓаните за способноста на овие лица за работна окупација**

Од овој приказ можеме да забележиме дека 93% (110) од испитаниците одговориле дека лицата со интелектуална попреченост прифаќаат работа, 6% (7) од испитаниците одговориле дека овие лица избегнуваат да работат и само 1% (1) од испитаниците одговориле дека лицата со интелектуална попреченост не сакаат да работат.

***Резултатите од хи-квадратот од петтата хипотеза изнесува 190, 91, што значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите на испитаниците претставен во табела 46 и со ова се докажува дека петтата хипотеза се потврдува.***

***Хипотеза 6: Се претпоставува дека лицата од станбените заедници се социјално интегрирани во општествента средина.***

**Шестата хипотеза ќе биде обработена низ аспектот дали лицата со посебни потреби се присутни на културните и спортските манифестации во градот.**

**Табела бр.47 Приказ на мислењето на испитаниците за дали овие лица се присутни на културните и спортските манифестации во градот**

| | **Дали лицата се присутни на културно - спортските манифестации во градот?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Делумно | $\sum$ |
| $f_0$ | 49 | 10 | 59 | 118 |
| $f_s$ | 39,33 | 39,33 | 39,33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **34,09** | | | |



**Слика бр.46 Приказ на испитаниците за колку лицата со пречки во развојот се присутни на културните маифестации**

Од следниов приказ можеме да забележиме дека 50% (59) т.с. или половина од испитаниците мислат дека лицата делумно ги посетуваат манифестациите во градот, 42% (49) од граѓаните се со мислење дека ги посетуваат овие манифестации во градот и 8% (10) мислат дека лицата не се присутни на културните и спортските манифестации кои се одвиваат во општина Неготино.

***Во согласност со изнесените ставови, пресметан е и хи-квадратот на хипотезата. Резултатот од пресметаниот хи-квадрат во табела 47 изнесува 34,09. Со ова се потврдува и оваа хипотеза.***

***Хипотеза 7: Се претпоставува дека лицата со интелектуална попреченост сместени во формата „Живеење со поддршка" ги намалува постојните предрасуди за лицата со посебни потреби.***

**Седмата хипотеза ќе биде обработена низ неколку аспекти; и тоа: дали постојат предрасуди спрема лицата со посебни потреби во нашата заемја и дали нашата земја доволно се грижи за овие лица.**

**Табела бр.48 Приказ на мислењето на граѓаните за дали во Р. Македонија постојат предрасуди спрема овие лица**

| | **Дали мислите дека кон овие лица постојат предрасуди во Р.Македонија?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам | Σ |
| $f_0$ | 57 | 44 | 17 | 118 |
| $f_s$ | 39,33 | 39,33 | 39,33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **21,17** | | | |




**Слика бр.47 Приказ на мислењето на граѓаните за постоењето на предрасуди за лицата со интелектуална попреченост во општина Неготино**

Од овој приказ на мислењето на граѓаните за постоењето на предрасуди може да забележиме дека најголем процент одговориле дека постојат предрасуди; и тоа: 48% (57), додека со 44% (47) од граѓаните одговориле дека не постојат предрасуди кон овие лица и со 15% (17) од одговорите е дека не знаат дали постојат предрасуди кон лицата со пречки во развојот.

***Вториот аспект од седмата хипотеза се однесува на тоа дали Р. Македонија се грижи за овие лица.***

**Табела бр.49 Приказ на мислењето на испитаниците дали Р.Македонија доволно се грижи за овие лица**

| | **Дали Р. Македонија доволно се грижи за овие лица ?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам | $\sum$ |
| $f_0$ | 55 | 51 | 12 | 118 |
| $f_s$ | 39,33 | 39,33 | 39,33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **28,70** | | | |




**Слика бр.48 Приказ на испитаниците за грижата на Р.Македонија кон овие лица**

Од овој приказ може да забележиме дека 47% (55) од граѓаните одговориле дека Р.Македонија доволно се грижи за лицата со пречки во развојот, 43% (51) од испитаниците одговориле дека Р.Македнија недоволно се грижи за лицата со пречки во развојот и 10% (12) од испитаниците немаат конкретен одговор на оваа прашање.

***Во согласност со изнесените ставови, пресметан е и хи-квадратот на хипотезата. Резултатите од пресметаниот хи-квадрат се изнесени во табелите (48-49). Со ова се потврдува и седмата хипотеза.***

***Хипотеза 8: Се претпоставува дека лицата со умерена и тешка интелетуална попреченост, сместени низ формата од вонистиуционално живеење нуди поголеми можности за целосно осамостојување на овие лица.***

**Осмата хипотеза ќе биде обработена низ неколку аспекти и тоа: дали лицата со посебни потреби се самостојни при извршување на личната хигиена, дали овие лица можат самостојно да се движат во Дневниот центар, дали се самостојни при извршување на активности во кујна, дали овие лица можат самостојно да ги набават потребните прехранбрени продукти, дали лицата со посебни потреби можат самостојно да го користат јавниот превоз, дали се самостојни во однесувањето, како нивното однесување влијае врз општеството, дали има воочливи позитивни**

**промени кај лицата од кога започна процесот „Живеење со поддршка", па се до сега.**

**Табела бр.50 Приказ на мислењето на испитаниците дали овие лица се самостојни при извршување на личната хигиена**

| | Дали и колку овие лица се самостојни при обавување на личната хигиена? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Главно несамостојни | Прилично самостојни | Главно самостојни | Потполно самостојни | Σ |
| $f_0$ | | 43 | 58 | 14 | 2 | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | **4** | | | | | |
| $\chi^2$ | **111,40** | | | | | |




**Слика бр. 49 Приказ на мислењето на граѓаните за самостојноста на лицата со пречки во развојот во извршувањето на личната хигиена**

Од овој приказ можеме да забележиме дека 1% (1) од испитаниците мислат дека лицата со интелектуална попреченост се потполно несамостојни, 36% (43) од испитаниците мислат дека главно се несамостојни овие лица, 49% (58) од испитаниците мислат дека се прилично самостојни, 12% (14) од испитаниците мислат дека лицата се главно самостојни во извршување на личната хигиена и само 2% (2) од испитаниците мислат дека се потполно самостојни.

***Вториот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа дали овие лица се самостојни при движење во Дневен центар.***

**Табела бр.51 Приказ на мислењето на испитаниците дали и колку овие лица се самостојни при нивно движење во Дневниот Центар**

| | **Дали и колку овие лица се самостојни при движење во Дневен Центар?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Главно несамостојни | Прилично самостојни | Главно самостојни | Потполно самостојни | $\Sigma$ |
| $f_0$ | | 4 | 19 | 88 | 7 | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | 4 | | | | | |
| $\chi^2$ | **228,19** | | | | | |




**Слика бр.50 Приказ за самостојноста на овие лица при движење во Дневниот центар**

Од овој приказ можеме да забележиме дека 3% (4) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се главно несамостојни при движење во Дневниот центар, 17% (19) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се прилично самостојни при движење во Дневниот центар, 74% (88) од испитаниците мислат дека овие лица се главно самостојни и 6% (7) од испитаниците мислат дека се потполно самостојни лицата со пречки во развојот при движење во Дневниот центар.

*Третиот аспект од осмата хипотеза се однесува дали овие лица се самостојни при извршување на активностите во кујната.*

**Табела бр.52 Приказ на мислењето на испитаниците дали овие лица се самостојни при извршување на активности во кујна**

| | Дали и колку овие лица се самостојни при извршување на активности во кујна? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Воглавно несамостојни | Прилично самостојни | Воглавно самостојни | Потполно самостојни | $\Sigma$ |
| $f_0$ | 1 | 28 | 60 | 29 | | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | **4** | | | | | |
| $\chi^2$ | **103,44** | | | | | |




**Слика бр.51 Приказ на лицата со пречки во развојот за нивната самостојност во извршување на активности во кујна**

Од овој приказ можеме да забележиме дека 1% (1) од испитаниците мислат дека лицата со интелектуална попреченост се потполно несамостојни во извршување на активности во кујна, 24% (28) од испитаниците мислат дека овие лица се главно несамостојни во извршување на активности во кујна, 51% (60) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се прилично самостојни во извршување на активности во кујна, 24% (29) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се главно самостојни во извршување на активности во кујна.

***Четвртиот аспект од осмата хипотеза се однесуваше на тоа дали овие лица се самостојни при пазарување.***

**Табела бр.53 Приказ на мислењето на испитаниците дали овие лица се самостојни во пазарување (облека, обувки..)**

| | Дали и колку овие лица се самостојни при набавка на прехранбени продукти од продавница? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Главно несамостојни | Прилично самостојни | Главно самостојни | Потполно самостојни | Σ |
| $f_0$ | 6 | 71 | 32 | 9 | | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | **4** | | | | | |
| $\chi^2$ | **143,95** | | | | | |




**Слика бр. 52 Приказ на мислењето на граѓаните за самостојноста на лицата со пречки во развојот при набавка на сопствена облека и обувки**

Од овој приказ можеме да забележиме дека 5% (6) од испитаниците одговориле дека лицата со интелектуална попреченост се потполно несамостојни при набавка на прехранбени продукти, 60% (71) од испитаниците одговориле дека овие лица се главно несамостојни при набавка на прехранбени продукти, 27%

(32) од испитатниците одговориле дека лицата со интелектуална попреченост се прилично самостојни при набавка на прехранбени продуктии 8% (9) од испитаниците одговориле дека лицата се главно самостојни при набавка на прехранбени продукти.

***Петтиот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа дали овие лица се самостојни при движење во околината.***

**Табела бр.54 Приказ на мислењето на испитаниците дали и колку овие лица се самостојни при движење во околината**

| | **Дали и колку овие лица се самостојни при движење во околината?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Главно несамостојни | Прилично самостојни | Главно самостојни | Потполно самостојни | $\sum$ |
| $f_0$ | 1 | 14 | 53 | 45 | 5 | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | **4** | | | | | |
| $\chi^2$ | **96,24** | | | | | |




**Слика бр.53 Приказ на мислењето на граѓаните дали лицата со хендикеп се самостојни при движење во нивната околина**

Од овој приказ можеме да увидиме дека 1% (1) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се потполно несамостојни при нивно движење во околината, 12% (14) од испитаниците мислат дека овие лица се главно несамостојни при движење во поблиската околина, 45% (53) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се прилично самостојни при нивно движење во околината, 38% (45) од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот се главно самостојни при нивно движење во околината и 4% (5) од испитаниците мислат дека овие лица се потполно самостојни при нивно движење во околината.

***Шестиот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа дали овие лица се самостојни при користење на јавниот превоз.***

**Табела бр.55 Приказ на мислењето на испитаниците дали и колку се самостојни лицата со пречки во развојот при користење на јавниот превоз**

| | **Дали и колку овие лица се самостојни при користење на јавен превоз?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно несамостојни | Главно несамостојни | Прилично самостојни | Главно самостојни | Потполно самостојни | $\sum$ |
| $f_0$ | 18 | 59 | 29 | 12 | | 118 |
| $f_s$ | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 23,6 | 118 |
| $df$ | **4** | | | | | |
| $\chi^2$ | **84,97** | | | | | |



**Слика бр. 54 Приказ на мислењето на граѓаните за самостојноста на лицата со хендикеп при користењето на јвниот превоз**

Од овој приказ можеме да увидиме дека 15% (18) од испитаниците се изјасниле дека лицата со пречки во развојот се потполно несамостојни при користењето на јавниот превоз, 50% (59) од испитаниците се изјасниле дека овие лица се главно несамостојни при користењето на јавниот превоз, 25% (29) од испитаниците се изјасниле дека лицата со пречки во развојот се прилично самостојни при користењето на јавниот превоз и 10% (12) од испитаниците се изјасниле дека овие лица се главно самостојни при користењето на јавниот превоз.

***Седмиот аспект на осмата хипотеза се однесува на тоа дали на лицата со посебни потреби им е потребна поддршка во нивното функционирање.***

**Табела бр.56 Приказ на мислењето на граѓаните колку им е потребна поддршка на овие лица во нивното однесување**

| | **Дали овие лица се самостојни во нивното однесување ?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Постојана поддршка | Привремена поддршка | Самостојни се во однесувањето | ∑ |
| $f_0$ | 52 | 65 | 1 | 118 |
| $f_s$ | 39,33 | 39,33 | 39,33 | 118 |
| *df* | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **58,19** | | | |



**Слика бр.55 Приказ на мислењето на испитаниците за самостојото однесување на овие лица**

Од приказот можеме да увидиме дека 44% (52) од испитаниците одговориле дека на лицата со пречки во развојот им е потребна постојана поддршка, 55% (65) од испитаниците одговориле дека им е потребна привремена поддршка во нивното однесување и 1% (1) испитаник одговорил дека лицата се самостојни во нивното однесување.

***Осмиот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа како однесувањето на овие лица влијае врз околината.***

**Табела бр.57 Приказ на мислењето на граѓаните како влијае однесувањето на овие лица за околината**

| | **Како влијае однесувањето на корисниците на јавните места?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ја загрозуваат околината | Ја иритираат околината | Се приспособуваат на ситуацијата | $\sum$ |
| $f_0$ | 1 | 1 | 116 | 118 |
| $f_s$ | 39, 33 | 39, 33 | 39, 33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **224,17** | | | |




**Слика бр.56 Приказ на мислењето на испитаниците за приспособувањето на овие лица во околината**

Од следниов приказ можеме да увидиме дека најголема група на испитаници одговориле дека лицата со посебни потреби се приспособуваат на дадените ситуации во општествента заедница; и тоа со: 98% (116), додека пак со 1% (1) се од двете групи на испитаници кои мисли дека лицата ја загрозуваат околината и другиот испитаник мисли дека лицата ја иритираат околината во која што се наоѓаат.

***Деветиот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа колку средината влијае врз лицата со посебни потреби.***

**Табела бр.58 Приказ на мислењето на граѓаните дали средината влијае позитивно кон овие лица**

| | **Дали кај овие лица средината влијае позитивно?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Не знам | $\sum$ |
| $f_0$ | 113 | 1 | 4 | 118 |
| $f_s$ | 39, 33 | 39, 33 | 39, 33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **207,08** | | | |




**Слика бр.57 Приказ на мислењето на граѓаните за позитивното влијание на средината на овие лица**

Од овој табеларен приказ можеме да забележиме дека 96% (113) од испитаниците одговориле дека средината влијае позитивно кај лицата со интелектуална попреченост, 1% (1) од испитаниците мисли дека средината нема никакво вијание и 3% (4) од испитаниците немаат ниту потврден ниту одречен одговор на ова прашање.

***Десетиот аспект од осмата хипотеза се однесува на тоа дали кај лицата со посебни потреби има позитивни промени од нивното сместување се до сега.***

**Табела бр.59 Приказ на испитаниците за постоењето на позитивни промени кај овие лица откако се сместени во станбените заедници**

| | **Дали воочувате позитивни промени кај овие лица откако се сместени во заедницата?** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да, има голем напредок | Нема позитивни промени | Делумно | ∑ |
| $f_0$ | 108 | | 10 | 118 |
| $f_s$ | 39, 33 | 39, 33 | 39, 33 | 118 |
| $df$ | **2** | | | |
| $\chi^2$ | **181,10** | | | |




**Слика бр. 58 Графички приказ на мислењето на граѓаните за позитивните промени кај овие лица од почетокот, па се до сега**

Од овој графички приказ можеме да забележиме дека 92% (108) од испитаниците воочуваат позитивни промени кај лицата со интелектуална попреченост откога се сместени во процесот „Живеење со поддршка” и 8% (10) од испитаниците делумно воочуваат позитивни промени кај овие лица откога се сместени во процесот „Живеење со поддршка”.

***Во согласност со пресметаниот хи-квадрат, добиените вредности на хи-квадратот прикажани во табелите (50-59) ги надминува критичките вредности на df=2, 4 на ниво 0.01 и со тоа, првата хипотеза се потврдува.***

# IV. Заклучоци и предлози

## 1. Заклучоци

Со анализата на Службите за самостојно живеење со поддршка во Неготино и Демир Капија на територијата на Република Македонија сакаме да ја дознаеме реалната слика за состојбата на згрижувањето на лицата со интелектуални потешкотии.

Во истражувањето направена е анализа на Службите кои постојат во Неготино и Демир Капија дојдено е до заклучок дека постојат само три Служби од кои: едната е во Скопје и згрижува 32 корисници и другите две Служби се во Неготино и Демир Капија која дава поддршка на 39 корисници. Третата Служба е во почетен развој во која се формирани неполни две стабени заедници, со понатамошен развој на дооформување на вкупно осум станбени заедници.

Со цел да се добие поцелосна слика за опстојувањето на Службите за самостојно живеење со поддршка во заедница се направени и специјализирани анкети за стручните работници од различни профили; и тоа: опфатени се стручните работници од центрите за Социјална работа во Неготино, воспитно-образовен кадар од предучилишната и училишна установа, стручни профили и медицински лица од Здравствен дом Неготино, НВО и граѓани на Неготино.

Според добиените резултати од спроведените анкети добиени се следните заклучоци:

- Во првата хипотеза претпоставувавме дека лицата со интелектуална попреченост во Неготино и Демир Капија со процесот на Деинституционализација се прифатени од населението како рамноправни граѓани. Добиените вредности на $\chi^2$ ги надминуваат критичните вредности за df =2, 4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова истражување. И со тоа се **потврдува првата хипотеза**, односно граѓаните често ги почитуваат лицата со интелектуална застапеност и тоа со 72% од вкупниот број на испитаници. Голем е бројот на граѓани кои одговориле дека често се однесуваат пријателски спрема нив и тоа со 63% на застапеност од испитаниците, додека 61% од граѓаните

одговориле дека понекогаш се подготвени да им помогнат на овие лица, 57% од испитаниците ретко ги испрашуваат за инвалидноста овие лица, 38% од испитаниците одговориле дека ретко ја вртат главата од овие лица, со 31% се испитаниците кои одговориле дека понекогаш граѓаните ги игнорираат овие лица, 45% од испитаниците одговориле дека никогаш не ги исмејуваат овие лица, 59% е група на испитаници кои мислат дека никогаш граѓаните не се обраќаат со погрдни зборови спрема лицата со интелектуална попреченост и со 62% е група на испитаници која мисли дека овие лица никогаш не се навредувани од граѓаните од општина Неготино.

- Во втората хипотеза се претпоставуваше дека процесот на живеење со поддршка кај лица со умерена и тешка интелектуална попреченост нуди постимулативна средина за живеење, а со тоа и поквалитетен начин на живеење од институционалното згрижување. 42% е група на испитаници кои мислат дека лицата со интелектуална попреченост понекогаш посетуваат театар, 49% од испитаниците мислат дека понекогаш овие лица посетуваат кино, 45,5% од испитаниците мислат дека лицата со интелектуална попреченост понекогаш посетуваат музеј, додека пак 53 % од испитаниците мислат дека овие лица често се вклучени во својата верска заедница, испитаниците мислат дека овие лица често се дружат со своите пријатели и тоа 62 % од вкупниот број на испитаници. Повеќе од половина испитаници мислат дека овие лица често се занимаваат со спортски активности и често ги посетуваат спортските натпревари во општина Неготино. Исто така е голема групата на испитаници која мисли дека овие лица често се занимаваат со креативна работа и тоа со 52% од вкупниот број на испитаници. Добиените вредности на $\chi^2$ ги надминуваат критичните вредности за df =2,4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова истражување и со тоа се **потврдува втората хипотеза.**
- Со наредната хипотеза се претпоставуваше дека сместувањето во станбените заедници нуди средина просечна како секое нормално семејство. Интересен е податокот во оваа хипотеза, кој 89% од

испитаниците мислат дека овие лица комуницираат со своите граѓани, 66% од испитаниците гледаат кон овие лица пријатни личности, голема е групата на испитаници која смета дека овие личности контактираат и се прифатени од своите соседи и со 93% е група на испитаници кои мислат дека граѓаните секогаш се подготвени да им помогнат на овие лица доколку им е потребна нивна помош или поддршка. И во оваа хипотеза постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова истражување и со тоа се **потврдува и оваа хипотеза**.

- Следната хипотеза се однесуваше дека живеењето со поддршка за лицата со попреченост нуди можност за развој на нови вештини, способности и таленти на корисниците. Значаен е податотокот на групата од 92% од испитаниците кои мислат дека овие лица се секогаш чисти и уредни, 48% од испитаниците мислат дека овие лица понекогаш ракуваат со електричните уреди, 38% од испитаниците мислат дека овие лица често одржуваат хигиена на прозорците во својот дом, 41% од испитаниците мислат дека лицата со пречки во развојот често го одржуваат мебелот во својот дом, 45% од испитаниците мислат дека овие лица често се грижат за својот двор, 39% од испитаниците мислат дека овие лица секогаш посадуваат градинарски култури и често се грижат за нив. Позитивни одговори има и на прашањето за просторната ориентација на овие лица, каде 48% од вкупниот број на испитаници мислат дека овие лица имаат добра просторна ореинтација и 30% од испитаниците мислат дека овие лица имаат способност за временска ориентација. Од добиените резултати се увиди дека постои статистичка разлика, и со тоа **се потврдува и оваа хипотеза.**
- Во петата хипотеза претпоставувавме дека живеењето со поддршка нуди можност за работно ангажирање и вработување. Значаен е податокот на групата на испитаници со 93% од вкупниот број на испитаници кои мислат дека овие лица прифаќаат секаков вид на работно ангажирање во склад со нивните способности. Добиената вредност на $\chi^2$ ги надминуваат критичните вредности за df =2, 4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои

статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова хипотеза. Со тоа **се потврдува и петата хипотеза.**

- Следната хипотеза гласеше дека лицата сместени во станбените заедници се социјално интегрирани во општествената средина. Сите добиени вредности на $\chi^2$ ги надминуваат критичните вредности за df =2, 4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова истражување, наспроти теоретски очекуваната распределба. И оди во прилог, односно **ја потврдува хипотезата.** Половина од вкупниот број на испитаници мисли дека овие лица делумно се присутни на овие културни манифестации, а со 42% е групата на испитаници која мисли дека секогаш овие лица се присутни на културните манифестации во градот.
- Седмата хипотеза гласаше дека лицата сместени во формата „Живеење со поддршка" ги намалува постојаните предрасуди за лицата со посебни потреби. Група на испитаници мислат дека во нашата земја постојат предрасуди кон овие лица; и тоа со: 48% од вкупниот број на испитаници, а 37% од испитаниците мислат дека нема предрасуди кон овие лица, 47% од испитаниците мислат дека Р. Македонија се грижи за овие лица. Добиената вредност на $\chi^2$ ги надминува критичните вредности за df =2, 4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме. И со тоа се **потврдува и оваа хипотеза.**
- Во последната хипотеза се претпоставуваше дека лицата со умерена и тешка интелетуална попреченост, сместени низ формата од вониституционално живеење нуди поголеми можности за целосно осамостојување на овие лица. Овие лица се прилично самостојни во извршувањето и одржувањето на личната хигиена. Група на испитаници која одговориле со 49% од вкупниот број на испитаници, 74% од испитаниците одговориле дека овие лица воглавно се самостојни при движење во Дневниот центар, 51% од испитаниците одговориле дека овие лица се прилично самостојни при извршување на активностите во кујна, 45% од испитаниците мислат дека овие лица се прилично самостојни при движење во околината, половина од испитаниците

мислат дека овие лица се главно несамостојни при самостојно користење на јавен превоз, 55% од испитаниците мислат дека овие лица имаат потреба од привремена поддршка за нивното однесување. Интересен е податокот на група од 92% од испитаниците мислат дека овие лица се приспособуваат спрема дадената ситуација во средината во која што живеат и 92% од испитаниците се изразиле дека постои позитивен напредок кон лицата во своето однесување и во донесување на сопствени одлуки пред нивното сместување во процесот „Живеење со поддршка" па се до сега. Од добиените вредности на $\chi^2$ ги надминуваат критичните вредности за df =2, 4 и 5 на ниво 0.01. Тоа значи дека постои статистичка значајна разлика помеѓу ставовите кои ги забележуваме во ова истражување, и со ова **се потврдува и последната хипотезата.**

## 2. Предлози

Врз основа на анализата и интерпретацијата на податоците од истражувањето како и донесените заклучоци може да се издвојат неколку предлози во поглед на функционирањето на Службите за самостојно живеење со поддршка во заедница на територија на Република Македонија.

- Неоспорен е фактот дека Згрижувањето со поддршка во заедница како вонинституционален третман на лицата со пречки во развојот претставува најсоодветна форма на згрижување на лицата со умерени и тешки интелектуални потешкотии во развојот. Па и затоа треба и понатаму да се развива и доусовршува оваа форма.
- Вклучување на волонтери и волонтеризмот како категорија во работата и секојдневниот живот на лицата со интелектуални потешкотии, со цел ширење на кругот на познајници во Службите и надвор од нив.
- Континуирани едукации и усовршувања на работно ангажираните лица во проектот со цел подобро извршување на секојдневните работни обврски и задачи, нудење на соодветна и адекватна поддршка во секојдневниот живот на оваа категорија на лица.

- Организирање на кампањи и трибини со цел подобро информирање на пошироката јавност за тоа што претставува Службата за самостојно живеење и како таа функционира со цел полесно прифаќање во пошироките локални заедници.
- Доколку постои можност да се одржуваат редовни контакти со биолошките семејства.
- Поголема соработка помеѓу центрите за Социјална работа и Службите за самостојно живеење со поддршка во заедница за што поефективно функционирање на Службите.
- Поголемиот дел од лицата згрижени со проектот можат да извршуваат некакви работни актиности. Би било пожелно доколку тоа се овозможи, овие лица да имаат можност да бидат работно ангажирани и да бидат наградени со плата за трудот кои би го извршувале.
- Информирање на работодавците за способностите на лицата кои се вклучени во проектот со цел нивно поголемо вработување во приватниот бизнис-сектор.
- Функционирањето на Службите не треба да се сведе само на два града на територијата на Репбулика Македонија. Имено, процесот може да биде многу еконмоичен, а да се организира дисперзирано на целата територија на Република Македонија. Дел од корисниците опфатени со проектот имаат и свои пензиски примања. Тоа автоматски алудира на фактот дека Службите за самостојно живеење со поддршка во заедицата можат и делумно да се финансираат, а да не бидат целосно на товар на ресорното Министерство.

# V. Прилози

Почитувани,

Анкетата се спроведува како дел од изработка на магистерски труд на тема: *„Социјално прифаќање на лицата со интелектуална попреченост згрижени во станбените заедници во општина Неготино"* од страна на студент на последипломски студии на Институтот за дефектологија на Филозофски факултет при Универзитетот "*Св. Кирил и Методиј*" во Скопје.

Анкетниот лист е анонимен и истиот ќе биде искористен за потребите на истражувачкиот дел од мојот магистерски труд.

Ве молам при одговарањето на анкетните прашања да ја земете во предвид потребата од Вашата искреност со која ќе ми овозможите веродостојно истражување.

**Благодарам за вашата ангажираност и соработка.**

Внимателно прочитајте ги прашањата и закружете го бројот пред само еден од понудените одговори.

1. Пол на испитаникот:
    1) М
    2) Ж

2. Возраст на испитаникот:

3. Вработен во:

4. Стручна подготвеност:

5. Каде во градот има прифатено лица со инвалидност ?

1) Дневен центар,
2) „Живеење со поддршка",
3) Во посебни паралелки во основните училишта
4) Незнам

6. Дали објектите во Неготино се приспособени на способностите на овие лица?

1) Да, во целост
2) Делумно
3) Не

7. Како кон овие лица се однесуваат луѓето од околината и градот воопшто?

1-никогаш
2-ретко
3-понекогаш
4-често
5-секогаш

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ги почитуваат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2. | Се однесуваат пријателски | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3. | Подготвени се да помогнат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4. | Ги охрабруваат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5. | Ги испрашуваат за инвалидноста | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6. | Одбиваат да им помогнат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7. | Ја вртат главата од нив | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8. | Довикуваат погрдни зборови | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9. | Ги игнорираат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10. | Покажуваат кон нив | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

8.Дали лицата се присутни на културните и спортските манифестации во градот?

1) Да
2) Не
3) Делумно

9.Низ кои форми се присутни во градот ?

1-никогаш
2-ретко
3-понекогаш
4-често
5-секогаш
6-не се применува

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Посетуваат театар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 2. | Посетуваат кино | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 3. | Посетуваат музеј | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 4. | Посетуваат концерт-приредби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 5. | Вклучени се во активности од својата верска заедница | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 6. | Патуваат низ државата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7. | Се дружат со пријателите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 8. | Се дружат со други корисници надвор од Дневниот центар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 9. | Се занимаваат со спорт | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 10. | Посетуваат спортски натпревари | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 11. | Се занимаваат со креативна работа | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 12. | Им помагаат на соседите во изведување на секојдневните активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

10. Како ги проценувате можностите на овие лица за самостојно живеење?

1-потполно несамостојно
2-главно несамостојни
3-прилично самостојни
4-главно самостојни
5-потполно самостојни

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| При извршување на личната хигиена | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| При движење во Дневен центар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| При извршување на работи во кујна | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| При набавка на прехранбени продукти | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| При движење во околината | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| При користење на јавен превоз | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Нешто друго | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

11.Колку сте задоволни од севкупната грижа за овие лица ?

1) Многу сум задоволен
2) Задоволен
3) Ниту задоволен, ниту незадоволен
4) Незадоволен
5) Многу незадоволен

12. Мислите ли дека кон овие лица постојат предрасуди во Р. Македонија?

1) Да
2) Не
3) Не знам

13.Дали објектите во градот се приспособени на способностите на овие лица (пристапни лифтови, рампи, држачи итн).

1) Да
2) Не
3) Незнам

14.Дали Р.Македонија доволно се грижи за овие лица?

1) Да
2) Не
3) Не знам

15.Дали овие лица се самостојни во однесувањето?

1) Имаат потреба од постојана поддршка
2) Имаат потреба од повремена поддршка
3) Самостојни се во однесувањето

16. Одржување на личната хигиена?

1) Недоволно се чисти и уредни
2) Повремено се чисти и уредни
3) Секогаш се чисти и уредни

17.Одржување на хигиена на заедницата и дворната површина во која живеаат?

1-никогаш
2-ретко
3-понекогаш
4-често
5-секогаш

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ракуваат со правосмукалка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Ги бришат прозорците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Го одржуваат мебелот во заедницата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Го одржуваат дворот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Посадуваат градинарски култури | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Се грижат за посадените култури | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

18. Дали овие лица се ориентирани во време ?

1) Да
2) Не
3) Не знам

19. Дали овие лица се ориентирани во простор?

1) Да
2) Не
3) Не знам
4) Делумно

20.Дали овие лица пазаруваат во продавница?

1) Секогаш
2) Понекогаш
3) Ретко
4) Никогаш

21. Однесување во градот и на јавни места?

1) Ја загрозуваат околината
2) Ја иритираат околината
3) Се приспособуваат на ситуацијата

22. Комуникација

1) Избегнуваат разговор
2) Не разговараат со непознати
3) Комуникативни се

23. Работна окупација

1) Прифаќаат работа
2) Избегнуваат да работат
3) Не сакаат да работат

24. Како гледате на овие лица?

1) Пријатни луѓе се
2) Друштвени се
3) Агресивни се

4) Ги избегнувам
5) Ги игнорирам

25.Контакти со соседи

1) Прифатени се од соседите
2) Не се прифатени од соседите
3) Не знам

26. Дали би им помогнале на овие луѓе доколку би имало потреба од Ваша помош?

1) Да
2) Не
3) Се двоумам

27. Дали кај овие лица средината влијае позитивно?

1) Да
2) Не
3) Не знам

28. Дали воочувате позитивни промени кај овие лица откако се сместени во заедницата?

1) Да, има голем напредок
2) Нема позитивни промени
3) Делумно

# VI. Користена литература


1. Степаноска Е. Самостојно живеење со поддршка на лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост. Скопје: Универзитет Св.Кирил и Методија, Филозофски факултет, 2012. Магистерски труд
2. Ајдински Љ, Ајдински Г, Михаилов З. (2007) – "Основи на дефектологија", Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје
3. Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, „Службен весник на Р.М." бр.30/2000
4. World Health Organization. The ICD-10 Classification of Mental and Behavioral Health Disorders: Clinical descriptions and diagnostic guidelines. Geneva, 1992
5. AAMR (2002): Mental Retardation: Definition, Classification and Systems of Supports, Washington
6. Горевски. Поим, дефиниција и класификација на лицата со посебни потреби, Скопје, 2007
7. Ајдински Г. Карактеристики во развојот на лесно ментално ретардираните лица, Куманово: Македонска ризница, 2000
8. Portalznanstvenih časopisaRepublikeHrvatske 2011 [online] Available at: http://hrcak.srce.hr/search/?q=mentalna+retardacija Accessed [15.02.2011].
9. Pesic V.Evropska unija i osoba so invaliditetom, Beograd: Friedrich Ebert Stiftung, Narodna kancelarija presednika Republika, 2006.
10. Ајдински Љ, Ајдински Г, Михаилов З. Примена на терминологијата за лицата со инвалидност во светот и кај нас, Дефектолошка теорија и практика, Скопје 2004
11. Бала Ј, Новак Ј, Карактеристике развоја и психолошка процена ментално заостанеле деца, у Хрњица С. И соработници: Ометено дете, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1991
12. Hrnjica, S. Ometeno dete, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, 1991, Београд
13. Batshaw L.M. Children with disabilities. Brookes Publishing Co, Baltimore, 1997

14. Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија “Национална стратегија во системот на социјална заштита во Република Македонија (2008-2018)“, Скопје, 2007
15. Трајковски Е. Владимир. Медицински основи на инвалидноста. Филозофски Факултет, Институт за дефектологија, Скопје, 2008
16. Петров Р.Третман на тешко ментално ретардирани лица, Неготино, 1999
17. Андреев Ј. Олигофренопедагогика,Универзиттско издателство, Св.Климент Охридски, Софија, 1994
18. Nikolic, S. Ilanovic, V. Ilic-Stosovic, (2005): Motorice sposobnosti ucenika sa mentalnom retardacijom, Beogradska defectoloska skola, br.3, str.149-161
19. Macesic-Petrovic, D. (1996): Saznajni razvoj lako mentalno retardirane deca, Defektoloski fakultet, Beograd.
20. Миладиновиќ М. Основе методике метерњег јазика, Универзитет у Београд, Дефектолошки факултет у Беогрдау. Београд, 1994.
21. Glumbic, N. Brojcin, B. (2002): Skala za procenu pragmatske kompetencije dece sa lakom mentalnom retardacjiom, Beogradska defectoloska skola, br. 1-2, Beograd, str.163-176.
22. Slavnic, S. Macesic-Petrovic, D. (2004): Razumevanje govor kod umereno-mentalno retardirane deca, Istrazivanja u defektologiji, CIDD, br.5, str.143-148
23. S. Kaljaca, Umerena intelektualna ometenost, Beograd, 2008
24. Gligorovic, M. (1997): Mogucnosti neuropsiholoske analize u klasifikaciji I planiranju tretmana deca sa lakom mentalno mretardacijom, Doktorska disertacija, Beograd
25. Sekusek-Galesev, S. (2002) Bio-psiho-socijalne karakteristike adolescenata s mentalnom retardacijom, Udruga za promicanje inkluzije, Zagreb
26. Huguenin, N.H. (2004): Assessing Visual Attention in Young Chilldren and Adolescents with Severe Mental Retradation Utillzing Conditional – Discrimination Tasks and Multiple Testing Procedures, Research in Developmental Disabillties, 25, pp. 155-181.
27. Ишипановиќ-Радојковиќ В. Пажна и сазнајни развој, Психијатрија данас Београд, 1988

28. Japundza-Millsavljevic M. (2007): Oblici ispoljavanja kognitivnih smetnji u obrazovnom procesu dece s lakom mentalnom retardacijom, Doktorska disertacija, Fakultet za specijalnu edukaciju I rehabilitaciju, Beograd
29. Drysdale, K. Shore, S. A. Levick, W.(2004): Use of the Everyday Memory Questionnaire With Children, Child Neuropsychology, Vol. 10 No. 2, pp.67-75
30. Gligorovic, M. (2007): Sekvencijalni kognitivni procesi kod dece sa mentalnom retardacijom, Nove tendencije u specijalnoj edukaciji I rehabilitaciji, Zbornik radova, Fakultet za specijalnu edukaciju I rehabilitaciju, Beograd, str. 227-236
31. Heiman, T. Margalit, M. (1998): loneliness, depression and social skills among students with mild mental retardation in different educational settings, Journal of Special Education, vol. 32, No.3, pp. 154-164
32. Toomela, A.(2002): Drawing as a verbally mediated activity: A study of relationships verbal, motor and visuospatial skills and drawing in children, International Journal of Behavioral Development, 26 (3), 234-247
33. Петров Р. Лица со инвалидност: Професонална орентација, оспособување и вработување, Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија, 2007
34. Alfirev,Poticanje razvoja samoodređenja i samozastupanja mladih s intelektualnim teškoćama, Udruga za promicanje inkluzije, Zagreb, 2007
35. Sullivan, P. Knutson, J. (1998): The association between child maltreatment and disabilities in a hospitalbased epidemiological study. Child Abuse and Neglect, 22: 271-288
36. Рамова А. Квалитетот на живеење на корисниците во специјалниот завод во Демир Капија после процесот на Деинституционализација. Скопје: Универзитет Св.Кирил и Методија, Филозофски факултет, 2013. Магистерски труд
37. Stošlevič M. Uvod u defektologuju, fakultet Beograd:Defektoloski, 1998
38. BajsM. Stavovi srednjoskolaca prema psihickim bolesnicima, narkomanina i alkoholicarinama i njihovo predvidanja na osnovu kauzalnih atribucija, kontakta i samoprocjene znanja (2003), Zagreb, magisterski trud

39. Ministerstvo rada i socijalne politike - Izvestaj o rezultatima istrazuivanja stavovi javnog mnjenje o drustvenoj inkluiju dece sa smetnjama u razvoju. Zagreb, 2013
40. Medija centar Beograd"Iztrazivanje sprovela agencijaIPSOS strategic marketin"2009, Srbija
41. Ilić I, Milić I, Arandelović M. Procena kvaliteta života –sadanšni pristupi, Acta Medica medianae
42. Lovreković M, Leutar Z. Kvaliteta života osoba u domovima za starije i nemoćne u Zagrebu, Soc. ekol. Zagreb
43. Vuletić G, Mujkić A. Što čini osobnu kvalitetu života: Studija na uzorku Hrvatske gradske populacije, Škola narodnog zdravlja "A. Štampar" Medicinski fakultet Sveučili šta u Zagrebu
44. Martinis T. Percepcija kvalitete života u funciju dobi, Diplomski rad, Zagreb: Sveučili šta u Zagrebu, Filozofski fakultet, Odsjek za psihologiju, 2005
45. Herenčić M, Mihanović V. Kvalitativna analiza udomiteljstva za djecu s teškoćama u Republici Hrvatskoj: Stanje i perspektive, Zagreb: Udruga za promocanje inkluzije, 2006.
46. Gojčeta M, Joković Oreb I, Pinjatela R. Neki aspekti kvalitete života adolescenata sa i bez cerebralne paralize, Hrvatska revizija za rehabilitacijska istraživanja 2008, Vol. 44, br.1, 39-47.
47. *Qualitiy of life of yong people with an intellektual disability in Ireland*, National federation of voluntary bodies, Providing services to people with I.D, Interim report, may, 2003, str.4
48. Opalić P, Nikolić S. Procena kvaliteta života shizofrenih bolesnika, Vojnosanit. pegl.2008; 65 (5), 383-391
49. Trgovčević S, Kljajić D, Nedović G. Socijalna integracija kao determinanta kvaliteta života osoba sa traumatskom paraplegijom, FPN,Godisnjak br.6, decembar
50. Axelsson C, Granier P, Adams L. Izvan deintitucionalizacije: Nestabilna tranzicija ka sistemu koju pruza mogucnost u Jugoistocnoj Evropu, Inicijativa za pracenje I posmatranje invalidnosti, 2004
51. Кичукова Голубовска К. Истражувања и анализи: Анализа на состојбите во установите за социјална заштита заради нивна трансформација и

спроведување на процесот на деинституционализација, Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности, 2008, 59-93 .

52. Cirkingagic S. Projekt model udruga, Edukacija 2- Deinstitucionalizacija u praksi, Zagreb
53. Лакинска Д. Социјална Педагогија – Авторизирана скрипта, Институт за социјална работа и социјална политика Скопје 2004 год
54. Петров Р., Копачев Д., Такашманова Т., "Деинституционализација на деца со тешка ментална ретардација" Филозофски Факултет, Институт за дефектологија, Скопје, 2004
55. Ѓурчиновска Л. „Деинституционализацијата како предуслов за интеграција во општествената заедница за децата со тешка ментална ретардација, Магистерски труд, Институт за дефектологија, Филозофски факултет, Скопје, 2007
56. Bratković D, Bilić M. Kvaliteta podrške u programu stanovanja u zaednici, Zbornik radova 6. Međunarodnog seminara: Živjeti zajedno, 2006, Varaždin, Savez defektologa Hrvatske
57. Бела Книга: (Де) Институционализација, Наша реалност, Полио Плус движење против хендикеп, (2010) Скопје
58. Pravobraniteliljezadeca"Izvješćeoprocesudeinstitucionalizacijeosobasintelektualnimteškoćama" (2013), Zagreb
59. Cummins, R.A. Lauy, A. l. D (2003): Community Integration or Community Exposure? A Review and Discussion in Relation to People with an Intellectual Disabillty, Journal of Applied Research in Intellectual Disabillties, 16, pp. 145-157
60. Слободанка Лазова-магистерски труд, процес на деинституционалицација на лицата со инвалидност во РМ Скопје: Универзитет Св.Кирил и Методија, Филозофски факултет, 2012. Магистерски труд
61. Д. Тафчиевска. Збирка македонски пропис. Скопје, 2005
62. Министерство за труд и социјална политика "Национална програма за развој на социјална заштита" ( 2011-2012), Скопје.
63. Уницеф "Извештај од евалуација во друго семејство", Скопје, 2008

64. Stanovanjeuzajedniciuzpodrskuzaosobesaintelektualnimteskocama-procesdeinstitucionalizacije, Drustvozapomocosobamasa, Downsindromom, Srbije, 2006
65. Glumbic, N. Brojcin, B (2006): Zivot zajednici djece s mentalnom retardacijom I autizmom, Zbornik radova sa medunarodnog skupa “Rehabilitacija – stanje I perspective djece s teskocama u razvoju I osoba s invaliditetom, Rijeka, Hrvatska, str. 276-283
66. Spreat, S. Conroy, J. Fullerton, A. (2005): A cost-benefit analysis og community in institutional placement forpersons witch retardation in Oklahoma, Research in Developmental Disabilities 26, 17-31
67. Udruga za promicanje inkluzije 2011 “*Stanovanje u zajednicu uz podrzku*” [online]Availableat: http://www.inkluzija.hr/Html_Pages/Inkluzija_Program01.htmAccessed [12.01.2011].
68. Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост 2011 [online]Availableat: http://www.poraka.org.mk/mk/projects-03.htmAccessed [15.02.2011
69. Self-Advocate Becoming Empowered,1996; Bowder and sur. 2001
70. Mosley J. (1994).You Choose-A Handbook for Staff Working with People who have learning disabilitis to promote Self-Esteem and Self- Wisbech Cambs Advocacy.: LDA
71. Wehemeyer, M.l. Kelchner, K. Richards, S. (1995): Individual and environmental factors related to the self-determination of adults with mental retardation, Juornal of Vocational Rehabilitation, 5, pp. 291-305
72. Марковиќ. Ж. Д. Социологија рада, Белград, 1979
73. Закон за социјална заштита , Сл. Весник на РМ, број 80/2003
74. Hernandez, B. (2000):Employer attitudes towardworkers with disabilities and their ADA employment right: a litareture review. Journal of rehabilitation, 66, 4-16
75. Hahn, H. (1997): Advertising the acceptably employable image: Disability and capitalism, U Davies. J.L. (Ed.) The disability reader. New York and London, Routledge.

76. Oliver, M. (1996): The politics of disablement, New York, St.Martin's Press.
77. Kis-Glavas, L. Sokac, K. (2006): Istrazivanje stavova poslodavaca o zaposljavanju osoba s invaliditetom, Zbornik radova sa medunarodnog skupa, Rehabilitacija – stanje I perspective djece s teskocama u razvoju I osoba s invaliditetom, Rijeka, Hrvatska, str. 56-64
78. ***Службен весник на РМ број 87/2005***
79. В.Трајковски, Љ.Ајдински, М.Спироски Права на лица со аутизам во Р.Македонија. Скопје, 2002
80. ***Закон за работни односи, Службен весник на РМ број 44/2000***
81. Димкова, М. Петров, Р. Статус на вработените лица со ментална ретардација во заштитни друштта во Република Македонија согласно посојана регулатива, Дфектолошка теорија и практика1-2, Скопје, 2006
82. Bratkovik D. Jankovik M. Zagreb, Zaposluvanje uz podrsku osoba s intelektualnim teskocama
83. Conger, D. S. (1997):Guidance for students with disabilities. Guidance I Counseling, 12, pp. 13-19.
84. Pendergast, M. Storey, K. (1999): Individual program plan differentials in segregated and integrated work programs for adults with developmental disabilities, Journal of vocational rehabilitation, 13, pp. 15-19.
85. Цплмх, Социјално вклучување на лицата со хендикеп во заедницата. 2012, Неготино
86. licevlice.mk
87. Андреевски Б. Благин В. Некои аспекти на социјализацијата на ментално ретадираните лица
88. Илиевски. В Компоненти на социјализацијата, Скопје, 2014
89. ***www.myla.org.mk***
90. Jevremovic Lj. Slijepcevic. T. Dnevni boravka za decu i omladinu sa posebni potreba. 1985-2005, Zagreb
91. Дневен Центар. 2013, Неготино